# РОДОВО ОДГОВОРНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

(2022 – 2027 )

# РОДОВО ОДГОВОРНА СТРАТЕГИЈА

ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

НА **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

(2022-2027)

Печатењето и дизајнот на Родово одговорната стратегија за одржлив развој (2022-2027) се поддржани во рамките на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиски поддржан од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, на Обединетите нации или на другите придружни организации.

Овој документ е изготвен со менторска поддршка од Кристина Хаџи-Василева, локална експертка за родово одговорно буџетирање во рамките на проектот, и Лидија Митовска, координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Општина Крива Паланка.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

Sweden
Sverige

UN WOMEN

Почитувани,

Низ широк транспарентен, партиципативен, партнерски, консултативен процес со граѓаните и граѓанките, засегнатите и заинтересирани страни во општината, изработивме Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027. Стратегијата е инструмент за реализација на долгорочна визија за развојот на општината, нашите развојни цели и претставува референтна рамка за сите идеи, програми и проекти чија имплементација ќе ги подобри комуналните, јавните добра и услуги и енергетската и социо економска инфраструктура. Мерките за оджлив раст и развој, потенцијали и инвестиции ќе генерираат приемчива и хармонична пријателска средина за работа и живот.

Со овој родово одговорен стратешки документ утврдени се најважните развојни потреби на нашата општина и утврдени методите и инструментите за постигнување на стратешките развојни цели.

Да се биде градоначалник на една општина, како што е Општина Крива Паланка, е голема привилегија, но едновремено и одговорност. Пред нас стојат многу предизвици, од решавање инфраструктурни проблеми до модернизација на општината. Со сериозен и одговорен пристап, постапно решаваме голем дел од проблемите на нашите сограѓани/ки и настојуваме значително да го подобриме квалитетот на животот. Успехот на една заедница зависи од способноста на локалните средини да се прилагодат на брзите промени во светот и во способноста да ја зајакнат сопствената конкурентност, што значи привлекување и задржување на младите да работат и да живеат овде.

Како локална власт во соработка со централната, се насочуваме кон подобрување на бизнис-климата и кон обезбедување поволни услови за локален економски развој. Паралелно со ова е грижата и дејствувањето во сите сфери на надлежност на единицата на локалната самоуправа и следење на брзиот техничко-технолошки и комуникациски развој.

Овој стратешки документ претставува сеопфатен и конзистентен план со кој развојните патишта на економијата и општеството се испреплетуваат меѓу себе, со посебно внимание на родовиот аспект и грижата за животната средина. На овој начин, Општина Крива Паланка ја препозна важноста на родово одговорно стратешкото планирање насочено кон интегриран економски, социјален одржлив развој, како и обврската на сите нас да не го загрозуваме правото на здрава животна средина и просперитетен одржлив развој за идните генерации.

Нашиот главен имперарив е да со овој документ одговориме на потребите и на жените и на мажите, и на децата и на пензионерите, и на младите и старите. Клучна е свеста, дека само заеднички, жени, мажи, различни по какви било основи, но сплотени во определбата за еднаквост, можеме да градиме и да изградиме општество на еднакви граѓани/ки. Водени од ваквата определба, на оваа Стратегија и дадовме родово одговорна димензија.

Како градоначалник на Општина Крива Паланка целосно ќе се залагам за реализација на зацртаните родово одговорни стратегиски приоритети.

***Сашко Митовски,*** *Градоначалник на Општина Крива Паланка*

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| Содржина | 4 |
| **Вовед** | 7 |
| **Изработка на Стратегијата за одржлив развој** | 10 |
| **Профил на Општина Крива Паланка** | 13 |
| **1. Главни карактеристики на Општина Крива Паланка** | 13 |
| 1.1 Географска положба, граници и површина | 13 |
| 1.2 Кратка историја на Општина Крива Паланка | 14 |
| 1.3 Природни ресурси | 15 |
| 1.3.1 Ортографија | 15 |
| 1.3.2 Клима | 16 |
| 1.3.3 Релјеф и почва | 17 |
| 1.3.4 Растителен и животински свет | 17 |
| 1.3.5 Хидрографија | 18 |
| 1.3.6 Рударство | 19 |
| **2. Демографски податоци за општината** | 20 |
| 2.1 Вкупно население, површина и густина на населението | 20 |

| | |
|---|---|
| 2.2 Преглед на невработеното население според возрасна структура и степен на образование | 21 |
| 2.3 Динамика на населението по населени места | 22 |
| **3. Образование** | 29 |
| **4. Економија** | 30 |
| **5. Преглед на сопственици на имот според пол** | 32 |
| **6. Култура** | 33 |
| 6.1 Културно-историско градителско наследство | 32 |
| 6.2 Културни и спортско-рекреативни настани и манифестации | 34 |
| **7. Инфраструктура** | 37 |
| 7.1 Информации за урбанистички развој на општината | 37 |
| 7.2 Сообраќајна – патна мрежа | 37 |
| 7.3 Јавен превоз | 39 |
| **8. Стратегиски области приоритети и цели на Општина Крива Паланка** | 42 |
| 8.1 Стратегиска област – Економски развој | 42 |
| 8.2 Стратегиска област - Спорт | 46 |
| 8.3 Стратегиска област - Култура | 47 |
| 8.4 Стратегиска област - Туризам | 50 |
| 8.5 Стратегиска област - Е-управување | 53 |
| 8.6 Стратегиска област - Образование | 55 |

| | |
|---|---|
| 8.7 Стратегиска област – Млади | 57 |
| 8.8 Стратегиска област – Заштита на животната средина и енергетска ефикасност | 59 |
| 8.9 Стратегиска област – Социјална и здравствена заштита | 61 |
| **Динамика на спроведување на стратегијата** | 64 |
| **Управување и координација на активностите** | 64 |
| **Следење и евалуација** | 65 |
| **Финансирање на стратегијата** | 65 |
| **Заклучок и препораки** | 66 |
| **Акциски план** | 67 |
| **Користена литература** | 88 |
| **Користени линкови** | 88 |

# 1. ВОВЕД

Стратегиското планирање претставува демократски метод за формирање на визијата и мисијата на една општина, сè со цел постигнување на нејзината посакувана иднина. Стратегиското планирање во суштина е насочување со предлагање конкретни идни активности и проекти, кои водат кон благосостојба на општината и нивно елаборирање во форма на документ – стратегиски план.

Стратегиското планирање со една општина е во суштина рационално и одрживо управување со неа, за кое, следствено, има потреба од детална анализа на постојната состојба и потреби во општината и креирање решенија низ мерки и активности што би биле реално применливи за трајно и одрживо решавање на проблемите и потребите на општината. Дополнително, стратегиското планирање претставува процес на воочување на непосредното опкружување во кое егзистира општината, анализа за утврдување на нужните потреби во сите сфери на живеење и делување и врз основа на тие потреби креирање решенија што се реални и можни за спроведување земајќи ги предвид потребите и приоритетите на мнозинството од граѓаните/-ките. Со цел понудените решенија да бидат реално остварливи, заемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постојната состојба, неопходно е дефинирање заедничка визија за тоа каде граѓаните/-ките и институциите, т.е. сите општествени чинители, посакуваат нивната општина да биде во догледно време како и начините и патот како да се стигне до таа заемно дефинирана цел. Консензусот за овие потреби треба да ја интегрира целокупната организациска структура на општината како и на капацитетите на севкупните локални ресурси, земајќи ја предвид и ситуацијата на регионално и на национално ниво.

Стратегискиот план ќе даде свој придонес во реализирање на визијата на општината преку остварување на дефинираните стратегиски цели, кои, пак, претставуваат конкретни чекори за надминување на најгорливите проблеми со кои секојдневно се соочува Општина Крива Паланка. Клучните предизвици се подобрување на квалитетот на живеење на нејзините граѓани/-ки преку подобрување на општинската инфраструктура, збогатување и облагородување на туристичката понуда, обезбедување чиста животна средина како и подобрување на социо-културниот и економскиот развој, просперитет и благосостојба на општината.

Почетна идеја на Стратегијата за развој на Општина Крива Паланка е обезбедување одржлив развој, идеја што го надминува времетраењето на оваа петгодишна стратегија. Водечката дефиниција на одржливиот развој врз кој се заснова оваа стратегија е: „Одржливиот развој е оној што ги постигнува потребите на сегашноста без да ја изложува на ризик способноста на идните генерации да ги задоволат нивните потреби[1]“.

Одржливоста е основата за денешната водечка глобална рамка за меѓународна соработка – Агендата 2030 и целите за одржлив развој (SDGs) од кои оваа стратегија специфично упатува на две: Цел 5 (родова еднаквост) и Цел 11 (одржливи градови и заедници).

Во овој контекст Стратегијата на Општина Крива Паланка ќе се насочи кон целите за одржлив развој земајќи ги предвид локалниот контекст и потребите, а особено:

- Планирање на локалниот економски развој преку утврдување на развојните и структурните приоритети, со цел овозможување одржлив и балансиран економски развој и намалување на социјалните и економските диспаритети помеѓу различни групи во заедницата;
- Водење локална економска политика и спроведување мерки и активности за изнаоѓање услови за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните/-ките на општината, посебно земајќи ги предвид потребите на различните групи жени (рурални жени, самохрани мајки, млади, жени со посебни потреби);
- Поддршка на претприемнички иницијативи и развој на малите и средните претпријатија на локално ниво и развој на локалната заедница и мрежа на институции и агенции преку промовирање партнерство и рационално користење на природните ресурси.

Планирањето мерки и активности ќе се заснова и на начелата што произлегуваат од Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот. Повелбата утврдува дека родовата еднаквост не е само човеково право, туку и демократска вредност што треба да се применува во сите аспекти на животот: политички, економски, социјален и културен.[2] Едно од начелата врз кои се заснова оваа стратегија е интегрирање на родовиот аспект во сите активности на локалната самоуправа за да се унапреди еднаквоста меѓу жените и мажите.

[1] Institute for sustainable development: *https://www.iisd.org/about-iisd/sustainable-development*

[2] *https://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf*

Уште пред да се почне со изработка на стратегискиот план, Општина Крива Паланка ја нагласи определбата на општината за рамноправност, по сите основи и еднакви можности на сите граѓани/-ки во заедницата. Општина Крива Паланка е посебно фокусирана да обезбеди еднакви можности за жените и мажите. Овие еднакви можности не се само декларативни заложби на општината, туку се оживеани и преку конкретни активности, од кои дел веќе се спроведуваат преку годишната програма за еднакви можности, а дел се планираат во рамките на оваа родово одговорна стратегија. Стратегискиот план ја има и функцијата на промотор за одржлив развој на Општина Крива Паланка и е изготвен во согласност и усогласеност со законските надлежности на единиците на локалната самоуправа, кои треба да се носители на локалниот економски развој. Ваквите надлежности подразбираат идентификување и поставување приоритети за поттикнување на севкупниот локален развој, водење успешна економска политика на ниво на општината, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и учество во воспоставување и развој на локална институционална мрежа за промовирање партнерства.



Заради поквалитетно изготвување на стратегискиот план на Општина Крива Паланка, во процесот беа вклучени сите заинтересирани структури на општината. Се формираше координативно тело, составено од претставници на сите сектори од општината, чија цел беше да го помага процесот на планирање, споделувајќи информации со кои располагаат, подготовка на профилот на општината преку собирање на информациите од надлежните институции и логистички да помогнат во спроведување на работилниците. Исто така, задача на ова тело беше да ги консултира релевантните институции, граѓани/-ките и граѓанските организации во сите фази од подготовката.

Во процесот на изработка на стратегискиот план, Општина Крива Паланка се фокусираше на целокупната сопствена територија и на сите нејзини населени места. Учесниците во изработката на оваа стратегија се водеа и ги потврдија следните значајни начела за подготовка и имплементација на стратегискиот документ:

- законитост и прифатливост,
- заснованост на анализа на потребите и капацитетите,
- релевантна и јасно дефинирана,
- партиципативна,
- изводлива и реална,

- доволно широка за да ги опфати сите клучни значајни области,
- родово сензитивна (ги отсликува потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата),
- инклузивна (ги отсликува потребите на сите категории граѓани, вклучително и најранливите),
- стратегија за сите во општината, а не само за локалната самоуправа.

Наведените начела и вредности ќе бидат валидни во текот на спроведување на Стратегијата, како и при следењето и оценката во постигнувањето на целите за Општина Крива Паланка.

## ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ



Една од клучните основи за изработката на оваа стратегија е внесувањето на концептот на родова еднаквост. Овој концепт е дел од националната политика на државата, изразена како преку Уставот така и преку законските решенија што се на сила, а кои ја обезбедуваат овозможувачката околина за воведување на начелото на вклучување на родот во сите сфери на општествениот живот. Сепак овие политики, за да имаат влијание врз благосостојбата и унапредувањето на животот на граѓаните, треба да бидат проследени и со насочени интервенции на локално ниво, кои, доколку постојано се спроведуваат, ќе доведат и до видливи промени. Општините, како ниво на власт што е најблиско до граѓаните, ја имаат најдобрата можност да придонесат за состојбата на жените и мажите во заедницата и директно да влијаат во насока на подобрување.

Затоа, воведувањето на родовата перспектива во Стратегијата за одржлив развој се однесува на процес што се стреми да обезбеди жените и мажите да имаат еднаква улога во донесувањето одлуки за развојот, односно да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите и да уживаат еднаква добробит од развојот.

Процесот на изготвување на Стратегијата беше партиципативен и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни и со посебен фокус на родовата интеграција во сите аспекти на процесот. Ова подразбираше формирање повеќесекторско тело, кое работи

низ дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија што минува низ процес на јавна расправа и на крај изготвува финална верзија што се поднесува до Советот на Општина Крива Паланка на усвојување со наслов „Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка (2022-2027)“.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу нагоре“ (bottom up[3]) и процесот на изработка го организираше во циклус од три работилници и консултации со градоначалникот, општинската администрација, Советот и другите чинителите/засегнати страни во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот. Работилниците имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да обезбедат податоци, ставови и идеи, кои ќе ги вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите, пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и структурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на програмата.



[3] Овој метод е инструмент за олеснување на примената на партиципативен развоен пристап што ги вклучува сите членови на регионот разбран како заедница. Овој инструмент се користи за пренесување информации, идентификување потреби и утврдување основа за регионална акција. Пристапот „од долу нагоре “активно ги вклучува субјектите од регионот во процесот на планирање и одлучување поврзан со нивниот развој. Вклучувањето на регионалните чинители ги опфаќа населението во целост (преку нивни претставници), економски и социјални интересни групи, како и репрезентативни јавни и приватни институции. Ваквиот пристап гарантира дека стратегиските приоритети на национално ниво се одразени во регионалните иницијативи со истовремено нивно приспособување на регионалните и локалните потреби. Пристапот „од долу нагоре“ означува дека локалните/регионалните чинители учествуваат во одлучувањето за стратегијата и во изборот на приоритетите на кои треба да се работи во нивниот регион. Искуството покажува дека пристапот „од долу нагоре“ не треба да се смета како алтернатива или спротивен на пристапите „од горе надолу“ од националните власти, туку попрво како комбинација и интеракција со нив, со цел да се постигнат подобри општи резултати.

# РЕЗИМЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## Визија

Крива Паланка е посакувано место за живеење со современо развиена инфраструктура и институции, економски стабилна и просперитетна општина, која ги задоволува стандардите на модерното живеење и овозможува континуиран развој за граѓаните и граѓанките во сите сегменти од животот.

## Мисија

Општина Крива Паланка ќе спроведува мерки и програми за ставање во функција на сите локални расположливи ресурси, со цел обезбедување одржлив развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалното население.



## Стратегиски области на Општина Крива Паланка се:

1. Економски развој
2. Спорт
3. Култура
4. Туризам
5. Е-управување
6. Образование
7. Млади
8. Заштита на животна средина и енергетска ефикасност
9. Социјална и здравствена заштита

Поради тоа што најголема надлежност за спроведување на родово одговорниот план за развој на Општина Крива Паланка има единицата на локална самоуправа, присутните учесници во подготовката на Стратегијата се согласија дека за дополнителен развој на капацитетите на Општина Крива Паланка е потребно да се предвиди посебна стратегиска цел, со конкретни мерки и активности.

# ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## 1. Главни карактеристики на Општина Крива Паланка

### 1.1 Географска положба, граници и површина

Општина Крива Паланка се простира на површина од 481 $км^2$, со средна надморска височина од 450 м.н.в. до 2252 м.н.в. (врвот Руен) на Осоговските Планини и според географската диспозиција се наоѓа во Североисточниот регион на Република Северна Македонија. Припаѓа на сливното подрачје на Крива Река и се простира на северните падини на планината Осогово, јужните падини на планината Герман и на дел од Биљино Поле.



Општината зафаќа појас на две гранични линии, на север се граничи со Република Србија, а на североисток со Република Бугарија. Соседни општини на Општина Крива Паланка се: Ранковце, Кратово, Македонска Каменица, Кочани, општина Ќустендил во Република Бугарија и општините Босилеград и Трговиште во Република Србија.

Општината се простира на сегмент од Коридорот Е-8, кој ја поврзува Азија со јужниот дел на Балканскиот Полуостров што ја прави макролокацијата на општината посебно атрактивна и значајна.

Градот Крива Паланка е распространет на двата брега на Крива Река и во должина на течението на Дурачка Река, зафаќа вкупна површина од околу 330 хектари со просечна надморска височина од 680 метри.

## 1.2 Кратка историја на Општина Крива Паланка

Крива Паланка во минатото позната како Егри Дере е основана за време на владеењето на турскиот везир Бајрам-паша. Како населба со околу 800 домаќинства се споменува уште во 1634 година, за што доказ е еден историски споменик, мермерна плоча, која во тоа време се наоѓала на влезната порта на кривопаланечката тврдина, а денеска се наоѓа во градскиот музеј во Крива Паланка. Градот претставувал типична турска касаба, во која со векови се вкрстувале карваните што доаѓале од Скопје, Солун, Дубровник и од други трговски градови во регионот или пошироко.

Кривопаланечкото утврдување во тоа време, го следи текот на Крива Река и десниот брег на Дурачка Река, при што тврдината била обиколена од две страни со коритата на двете кривопаланечки реки. Од тврдината подоцна се развива и градското јадро, најпрво со доселување на турско население. Во тоа време Турците го именувале градот со името Егри Дере, подоцна Егридере Паланка, или Егри Паланка. Турците во тоа време го развиваат урбаниот живот на градот. Се градат значајни објекти, покрај тврдината биле изградени и две џамии, амам, саат кула, била развиена чаршијата како и занаетите во неа. Особено, биле развиени ковачкиот, налбатскиот, железарскиот и пушкарскиот занает, поради тоа што во близина на Крива Паланка била ископувана и преработувана железна руда.

Во периодот од XVII до XIX век се менува етничката слика на градот, со доселувањето на голем број Македонци од околните села, но и од подалечни места.

Во XVII век, тешката економска и политичка состојба што населението во Крива Паланка и Кривопаланечко непосредно ја чувствувало, е причината тоа да се вклучи во настаните на Карпошовото востание. Како центар на востанието Крива Паланка станува слободен град во период од два месеца. По Карпошовото востание Крива Паланка ќе стане запустен град, со опожарени куќи, напуштени дуќани и опаднато градско стопанство.

Преродбеништвото во Крива Паланка од почетокот на XIX век најтесно е поврзано со личноста и делото на првиот книжевник од новата македонска книжевност, даскалот Јоаким Крчовски. Со неговото дело е означен почетокот на литературата на македонски јазик. Тој кај кривопаланчани го запалил факелот на писменоста, што ќе резултира со отворање училиште во градот.

Во втората половина на XIX век настанале значајни промени во структурата на населението во Крива Паланка и Кривопаланечко. И денес се зачувани голем број споменици од историското културно и градителско минато на општината. Во непосредна близина на градот се наоѓа еден од најимпозантните сакрални објекти во Република Северна Македонија – манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски“.

Развојот на машинското производство и формирањето класа на градски водачи и интелигенција школувана во Скопје, Солун, Софија, Белград, Брисел, Париз и во другите европски градови, придонеле за просперитетот на Крива Паланка.

Од 1912 до 1915 година со регионот владееле Србите, кои биле заменети со Бугарите од 1915 до 1918 година. Во 1918 година, Македонија и Крива Паланка станале дел од кралството на Србите, Хрватите и Словенците, спротивно на волјата на македонскиот народ. Помеѓу двете светски војни Крива Паланка назадувала наместо да напредува.

По Втората светска војна и ослободувањето на градот (8 октомври, 1944) и создавањето на првата македонска држава во рамките на Југославија, започна нова фаза на развој, која продолжи по распаѓањето на СФРЈ и прогласување независна и суверена македонска држава – Република Македонија.

Денес градот Крива Паланка претставува административен, економски и културен центар на општината. По својата положба, антропогеографските карактеристики, културно-историскиот развој и значење, Крива Паланка е град што оставил забележливи траги во нашата историја и пошироко.

## 1.3 Природни ресурси

### 1.3.1 ОРТОГРАФИЈА

Во ортографски поглед, релјефот на општината е ридско-планински, со доста нагласена висинска разлика, која се движи од 482 м.н.в. во Славишко Поле до 2.252 м.н.в. на врвот Руен на Осоговските Планини. Речиси целиот терен е зафатен со силен ерозивен процес и е дисециран со речни долини и суводолици. Планината Осогово е централен морфолошки објект. Зафаќа површина од 4.200км$^2$, од кои 3.270 км$^2$ се на македонска страна, а 930 км$^2$ ѝ припаѓаат на соседна

Бугарија. Во Република Северна Македонија се наоѓаат поголем дел од високите врвови на планината како: Руен (2.252 м), Царев Врв (2.085 м), Калин Камен (1.817 м), Чатал Чешма (1.842 м), Китка (1.847 м), Синковица (1.545 м) и др. Во високиот дел на Осоговската Планина се пружаат извонредни терени, единствени и најквалитетни меѓу планините од источниот дел на Северна Македонија за развој на зимските спортови, и тоа како за нордиско така и за алпско скијање.

## 1.3.2 КЛИМА

Поради географската положба и ридско-планинската структура на релјефот, можат да се издвојат три висински зони со различни климатски особености и тоа: нископланинска, среднопланинска и високопланинска климатска зона. Нископланинската зона, во која припаѓа и градот Крива Паланка, се протега до 1.200 м надморска височина и се одликува со умерено континентална клима. Среднопланинската се протега од 1.200 до околу 1.700 м.н.в. и се одликува со свежо лето, студена пролет и есен, студена и снежна зима, како и големо количество врнежи. Високопланинската климатска зона се протега од 1.700-2.252 м.н.в. и има доста ниска средна годишна температура и поголемо количество врнежи, а врвовите Руен и Царев Врв се под снежна покривка обично од крајот на октомври, до почетокот на јуни.

Општината Крива Паланка има умерено континентална клима што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија што навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Главни одлики на оваа клима се умерено студена зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 11,5 Целзиусови степени, најтопол месец е јули, со просечна вредност од 22 Целзиусови степени, додека најстуден месец е јануари, со просечна вредност од 1 Целзиусов степен. Просечното годишно температурно колебање изнесува 20,3 Целзиусови степени.

Во споредба со соседните области што ја опкружуваат, кривопаланечката област добива значителни врнежи. Ова се должи на поголемата надморска височина, која претставува природен кондензатор за водената пареа што ја носат западните и јужните ветрови. Ветровите во Крива Паланка дуваат речиси од сите правци и во секое време од годината. Поради големата зачестеност на ветровите во оваа подрачје, маглата е ретка појава. Просечно годишно се регистрираат 10-12 дена со магла, и тоа главно од ноември до февруари.

## 1.3.3 РЕЛЈЕФ И ПОЧВА

Кривопаланечката област во зависност од структурата на релјефот се дели на три висински зони: а) нископланинска зона до 1.200 м надморска височина, во која припаѓа Крива Паланка, б) среднопланинска зона од 1.200-1.700 м надморска височина и в) високопланинска зона од 1.700-2.252 метри. Релјефната целина во која се наоѓа Крива Паланка и целата нејзина област е разновидна како по настанокот, по формите, така и по составот.

Земјиштето се одликува со голема хетерогеност на видови почви: песокливо-хумусни, црно-ровкави, бели и сиви песокливи, смолници (црвеници), кафеави, глинесто-песокливи почви. Застапеноста на висококвалитетни почви е евидентна во тесниот крајбрежен дел на Крива Река.

## 1.3.4 РАСТИТЕЛЕН И ЖИВОТИНСКИ СВЕТ



Растителниот свет во Општина Крива Паланка е богат и разнообразен. Големите висински разлики условиле формирање четири растителни појаси. Првиот појас на нископланински пасишта или нископланински тревен појас започнува на Славишката Котлина и се протега до 750 метри надморска височина. Во понискиот дел е застапена капината, а во повисокиот грмушки од габер, смрека, прнар, багрем и сл. Од земјоделските култури се застапени овошните дрвја, лозја и слично.

Вториот појас е со дабова шума, тој допира со горната граница до 1.200 метри надморска височина. Тревните површини во него ги сочинуваат: троската, млечката, луцерката како и житните култури пченица, јачмен, ʹрж, овес, овошни дрвја и тополата.

Третиот појас го сочинува буковата шума што започнува од 1.200 метри, а се протега до 1.500, односно 1.700 метри надморска височина. Во овој појас се присутни тревни пасишта. Од земјоделските култури се застапени компирот, овесот и јачменот.

Четвртиот високотревен појас се протега веднаш над буковата шума, опфаќајќи ги највисоките делови на Осоговијата околу Руен и Царев Врв. Тревната формација таму ја сочинуваат таканаречените „исконски треви“, кои се примарна пасишна зона со извонредни можности за сточарство, а особено овчарство. Вакви се пасиштата кај Бождарица, Тораница, Средно Брдо, Калин Камен и Слана Бара.

Животинскиот фонд во областа на Биљино и Осоговијата главно го сочинуваат: волкот, лисицата, зајакот, срната и др.

## 1.3.5 ХИДРОГРАФИЈА

Осоговијата е богата со извори, потоци и реки. Водниот потенцијал се должи на релативно високата надморска височина на која се наоѓа општината и геолошкиот состав на земјиштето. Регионот изобилува со многу реки и мали сливови што припаѓаат на Крива Река и Дурачка Река.

Главен хидрографски објект во општината е Крива Река, а нејзини поголеми притоки се: Дубровничка и Дурачка Река. Протокот на вода на Крива Река варира, а просечно изнесува 3,5 $м^3$ во секунда, а просечниот годишен проток на Дурачка Река изнесува 0,9м3 во секунда. Поголеми притоки на Дурачка Река се Станечка Река и Козја Река.

Крива Река е најголема и најдолга река во Кривопаланечко. Извира во подножјето на Царев Врв, од силен извор што се наоѓа на надморска височина од околу 1.800 метри. Вкупната должина на Крива Река изнесува 69 км, со површина на сливно подрачје од 984 $км^2$ и со просечен пад на протокот од 3,5 $м^3$ вода.



Дурачка Река извира под врвовите на Калин Камен и Бел Камен, на Осоговските Планини и се влива во Крива Река во центарот на градот Крива Паланка. Во горниот тек неа ја сочинуваат Станечка Река, Козја Река и долот Шопски Дол. Вкупна должина на реката е 15 км.

Киселичка Река извира од врвовите на планината Биљино. Долга е 18 км и се влива во Крива Река, во месноста Самоков.

Проблем што е присутен и посебно нагласен со работењето на Рудникот Тораница, северозападно од градот Крива Паланка, е квалитетот на водата на Крива Река. Паралелен проблем претставува недоволно регулираното корито на Крива Река, како и на пороите на подрачјето на градот Крива Паланка, а и во населбите.

На подрачјето на Општина Крива Паланка се изградени две помали акумулации: акумулацијата Базјачко Брдо со 14.100 $м^3$ вода и акумулацијата Влашки колиби со 6.200 $м^3$ вода. На Станечка Река е изграден водозафат со цевковод за снабдување на градот со вода за пиење.

Крива Река и Дурачка Река располагаат со хидраулична енергија што во минатото во значителна мера е користена. Водите на Дурачка Река се користеле за добивање електрична енергија со која се обезбедувало основното осветлување на градот Крива Паланка. Меѓутоа денес хидрауличната енергија не се користи.

Постојат идеални услови за фармерско одгледување риби, особено на калифорниска пастрмка и крап. Поголеми капацитети за одгледување риби досега се изградени кај с. Костур и кај с. Жидилово на Крива Река и на Дурачка Река во с. Дурачка Река.

### 1.3.6 РУДАРСТВО

За развојните можности на општината, особено значајни се минералните суровини и рудите, за кои во минатото се спроведени истражувања и е констатирано дека нивната експлоатација е економски оправдана.

Осоговскиот планински масив е во редот на позначајните рударски области во Република Северна Македонија. Рударски подрачја во оваа област се Тораничкото и Крклъанско-Дурачкото. Во регионот на Општина Крива Паланка се наоѓаат повеќе рудни наоѓалишта на метали, како олово, цинк, антимон, бакар, сребро, злато итн.



Како најголемо потенцијално рудно лежиште на олово-цинкови рудни резерви е Тораничката област. Почетоците на истражувањата на оловото и цинкот во Осоговскиот руден реон се во 1954 година во Тораничкото рудно поле, што во 1958 година се запрени. Повторното истражување на рудното поле Тораница продолжува во 1974 година. Овие истражувања се засновани врз резултатите на истражувањата на локалитетот Сува Река-Саса, со кого денешниот локалитет Сокол-Тораница географски се надоврзува, а геолошки гради една целина.

Рудникот за олово и цинк „Тораница“, денес „Индо минералс и металс ДООЕЛ“, е богато геолошко наоѓалиште, се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија на падините на планината Осогово близу македонско-бугарската граница, оддалечен 18 км од Крива Паланка, а 120 км од Скопје.

Основни карактеристики на рудните минерали се 51 % чиста руда, 29 % масивна руда, 20 % импрегрирана руда. Проценетата содржина на метали во рудата е: олово 3,3 %, цинк 2,2 %, бакар 0,1 %, сребро 16,9 гр/тон.

Исто така, треба да се спомене и рудното лежиште „Самар“, кое се наоѓа во близина на тромеѓата македонско-српско-бугарска граница. Лежиштето „Самар“ е делумно истражено, но истрагите покрај содржините на олово-цинкови минерали, покажуваат исто така голем процент благородни метали, т.е. злато и сребро. Во овој дел треба да се спомене и затворениот рудник на антимон и киселгур „Крстов Дол“, кој е затворен поради недоволна истраженост на самото лежиште што се наоѓа близу до гореспомнатото лежиште Самар.

# 2. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА

## 2.1 Вкупно население, површина и густина на населението

Крива Паланка е ретко населена општина, бројот на населените места во Крива Паланка е 34 заедно со градот. Индикаторите на демографските состојби укажуваат на стагнација, односно опаѓање на бројот на населението, што се должи како на виталните процеси така и на високата миграторност.



Табела 1 - Населението според пописите

| Година | Број на жители во Крива Паланка |
|---|---|
| 1948 | 19.700 |
| 1953 | 22.043 |
| 1961 | 20.242 |
| 1971 | 20.776 |
| 1981 | 20.697 |
| 1991 | 20.903 |
| 1994 | 20.782 |
| 2002 | 20.820 |
| 2021 | 18.059 |

## 2.2 Преглед на невработеното население според возрасна структура и степен на образование

Според податоците, поголем дел од невработените лица пријавени во Агенцијата за вработување се мажи и тоа без оглед на возраста и степенот на образование. Помалку вработени се и двата пола над 50-годишна возраст.

Табела 2 - Невработени лица според пол и возраст

| Возраст | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 15-19 г. | 60 | 21 |
| 20-24 г. | 189 | 91 |
| 25-29 г. | 223 | 139 |
| 30-34 г. | 234 | 138 |
| 35-39 г. | 248 | 137 |
| 40-44 г. | 279 | 175 |
| 45-49 г. | 271 | 158 |
| 50-54 г. | 313 | 193 |
| 55-59 г. | 416 | 224 |
| 60 г. и повеќе. | 345 | 117 |
| **Вкупно** | **2.578** | **1.393** |

Извор на податоци: Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија – Центар за вработување Крива Паланка, 29.7.2021.

По однос на степенот на образование, најголем дел од невработените се со средно образование и без квалификација.

| Табела 3 - Невработени лица според пол и степен на образование | | |
|---|---|---|
| Степен на образование | Мажи | Жени |
| НКВ | 811 | 443 |
| ПКВ и НСО | 61 | 13 |
| КВ | 512 | 246 |
| ВКВ | 1 | 1 |
| ССО | 1.004 | 558 |
| Више СО | 23 | 11 |
| Високо СО | 160 | 118 |
| Магистри | 6 | 3 |
| Доктори | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **2.578** | **1.393** |

Овие податоци укажуваат на потребата за развивање стратегии и пристапи за доквалификација, преквалификација и дообразување на постојната работна сила во општината.

## 2.3 Динамика на населението по населени места

| Табела 4 - Попис на населението | | | |
|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно население | Домаќинства | Станови (сите видови живеалишта) |
| Крива Паланка | 18.059 | 6.984 | 11.614 |

Извор: Попис на население, 2021 година, Државен завод за статистика.

Според пописот на населението, домаќинствата и становите во 2021 година, на територијата на Општина Крива Паланка живеат 18.059 жители.

Густината на населението на ниво на општина е 37,54 жители/км$^2$.

Табела 5 - Вкупно попишани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно население, според етничката припадност и пол, по општини – Попис 2021

| | Вкупно попишани | | | Вкупно резидентно население | | | Вкупно нерезидентно население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж |
| Општина Крива Паланка | 18.877 | 9.815 | 9.062 | 18.059 | 9.302 | 8.757 | 818 | 513 | 305 |
| Македонци | 17.455 | 9.056 | 8.399 | 16.675 | 8.565 | 8.110 | 780 | 491 | 289 |
| Албанци | 7 | 1 | 6 | 7 | 1 | 6 | - | - | - |
| Турци | 6 | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | - | - | - |
| Роми | 454 | 236 | 218 | 447 | 232 | 215 | 7 | 4 | 3 |
| Власи | 5 | 1 | 4 | 5 | 1 | 4 | - | - | - |
| Срби | 70 | 32 | 38 | 66 | 32 | 34 | 4 | - | 4 |
| Бошњаци | 3 | - | 3 | 2 | - | 2 | 1 | - | 1 |
| Други неспомнати | 104 | 58 | 46 | 83 | 43 | 40 | 21 | 15 | 6 |
| Не се изјасниле | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Непознато | 9 | 6 | 3 | 4 | 3 | 1 | 5 | 3 | 2 |
| Лица за кои податоците се преземени од административни извори | 764 | 422 | 342 | 764 | 422 | 342 | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

| Табела 6 - Вкупно резидентно население според изјаснувањето за етничката припадност (основни групи) и пол - Попис 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно % | Мажи % | Жени % |
| Општина Крива Паланка | 100 % | 51,50 | 48,50 |
| Македонци | 92,40 | 47,43 | 45,00 |
| Албанци | 0,04 | 0,006 | 0,034 |
| Турци | 0,03 | 0,015 | 0,015 |
| Роми | 2,48 | 1,28 | 1,20 |
| Власи | 0,03 | 0,006 | 0,02 |
| Срби | 0,37 | 0,18 | 0,19 |
| Бошњаци | 0,01 | 0,00 | 0,01 |
| Други неспомнати | 0,46 | 0,24 | 0,22 |
| Не се изјасниле | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Непознато | 0,02 | 0,015 | 0,006 |
| Лица за кои податоците се преземени од административни извори | 4,24 | 2,34 | 1,90 |

Извор: Државен завод за статистика

Во општината има 34 населени места.

Според бројот на селските населби (вкупно 33), Општина Крива Паланка спаѓа во срединитe со голем број рурални населени места. Најголем дел од населението живее во градот. Концентрацијата на градско население е резултат на производните фирми и индустријализацијата на градот во подалечното минато на општината, која доведува до депопулација на руралната средина, поради потребата за обезбедување подобар живот и егзистенција населението ја напушта руралната средина. Преовладуваат мали села со мал број жители и значителен број раштркани населби, особено ридско-планинските кои се од разбиен тип, по својата функција создаваат тешкотии во нивниот развој. Меѓутоа има и големи села, кои треба итно урбанистички да се уредуваат и да се планира нивниот развој.

Според половата структура, бројот на мажи во општината е поголем од бројот на жени за 3 %.

| Табела 7 - Полова структура на населението | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно население | мажи | % мажи | жени | % жени |
| 18.059 | 9.302 | 51,50 | 8.757 | 48,50 |

Извор: Попис на население, 2021 година, Државен завод за статистика.

| Табела 8 - Населението по пол и по петгодишни групи на возраст во Општина Крива Паланка | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст -години | Вкупно | Мажи | Жени |
| 0 – 4 | 606 | 305 | 301 |
| 5 – 9 | 807 | 429 | 378 |
| 10 – 14 | 850 | 439 | 411 |
| 15 – 19 | 904 | 455 | 449 |
| 20 – 24 | 927 | 496 | 431 |
| 25 – 29 | 960 | 506 | 454 |
| 30 – 34 | 1.150 | 643 | 507 |
| 35 – 39 | 1.247 | 665 | 582 |
| 40 – 44 | 1.368 | 737 | 631 |
| 45 – 49 | 1.283 | 716 | 567 |
| 50 – 54 | 1.281 | 650 | 631 |
| 55 – 59 | 1.433 | 774 | 659 |
| 60 – 64 | 1.503 | 757 | 746 |
| 65 – 69 | 1.459 | 719 | 740 |
| 70 – 74 | 1.141 | 568 | 573 |
| 75 – 79 | 594 | 257 | 337 |
| 80 – 84 | 346 | 128 | 218 |
| 85 и повеќе | 200 | 58 | 142 |
| Вкупно | 18.059 | 9.302 | 8.757 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2021

| Табела 9 - Вкупно население во градот Крива Паланка по пол и по петгодишни групи на возраст | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст – години | Вкупно | Мажи | Жени |
| 0 – 4 | 450 | 234 | 216 |
| 5 – 9 | 620 | 331 | 289 |
| 10 – 14 | 655 | 341 | 314 |
| 15 – 19 | 694 | 355 | 339 |
| 20 – 24 | 728 | 384 | 344 |
| 25 – 29 | 696 | 368 | 328 |
| 30 – 34 | 882 | 481 | 401 |
| 35 – 39 | 957 | 502 | 455 |
| 40 – 44 | 1.069 | 560 | 509 |
| 45 – 49 | 978 | 534 | 444 |
| 50 – 54 | 891 | 436 | 455 |
| 55 – 59 | 1.020 | 525 | 495 |
| 60 – 64 | 1.113 | 541 | 572 |
| 65 – 69 | 1.089 | 525 | 564 |
| 70 – 74 | 861 | 425 | 436 |
| 75 – 79 | 406 | 179 | 227 |
| 80 – 84 | 251 | 91 | 160 |
| 85 - 89 | 98 | 32 | 66 |
| 90 – 94 | 20 | 6 | 14 |
| 95 – 99 | 3 | 1 | 2 |
| 100+ | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 13.481 | 6.851 | 6.630 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2021

74,64 % од населението во Општина Крива Паланка е градско население, односно живее во градот Крива Паланка, од кое 50,82 % се мажи и 49,18 % се жени.

| Табела 10 - Вкупно население во руралните населени места во општината по пол и по петгодишни групи на возраст | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст /години | мажи | жени | вкупно |
| 0 - 4 | 71 | 85 | 156 |
| 5 - 9 | 98 | 89 | 187 |
| 10 - 14 | 98 | 97 | 195 |
| 15 - 19 | 100 | 110 | 210 |
| 20 - 24 | 112 | 87 | 199 |
| 25 - 29 | 138 | 126 | 264 |
| 30 - 34 | 162 | 106 | 268 |
| 35 - 39 | 163 | 127 | 290 |
| 40 - 44 | 177 | 122 | 299 |
| 45 - 49 | 182 | 123 | 305 |
| 50 - 54 | 214 | 176 | 390 |
| 55 - 59 | 249 | 164 | 413 |
| 60 - 64 | 216 | 174 | 390 |
| 65 - 69 | 194 | 176 | 370 |
| 70 - 74 | 143 | 137 | 280 |
| 75 - 79 | 78 | 110 | 188 |
| 80 - 84 | 37 | 58 | 95 |
| 85 - 89 | 14 | 46 | 60 |
| 90 - 94 | 5 | 13 | 18 |
| 95 - 99 | 0 | 1 | 1 |
| 100+ | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 2.451 | 2.127 | 4.578 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2021

**25,36 % од населението во општината живее во руралниот дел, односно во 33 рурални населени места, од кои 53,54 % се мажи и 46,46 % се жени.**

| Табела 11 - Население според пол и 30-годишни групи на возраст | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Возраст / години | мажи | жени | вкупно | % |
| 0 – 29 | 2.630 | 2.424 | 5.054 | 28 |
| 30 – 59 | 4.185 | 3.577 | 7.762 | 43 |
| 60 до 85 и повеќе | 2.487 | 2.756 | 5.243 | 29 |
| Вкупно | 9.302 | 8.757 | 18.059 | 100 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2021

| Табела 12 - Население според пол и возрасни групи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Возраст / години | мажи | жени | вкупно | % |
| 0 – 19 | 1.628 | 1.539 | 3.167 | 17,54 |
| 20 – 64 | 5.944 | 5.208 | 11.152 | 61,75 |
| 65 – 85 и повеќе | 1.730 | 2.010 | 3.740 | 20,71 |
| Вкупно | 9.302 | 8.757 | 18.059 | 100 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис 2021



Од направената анализа на населението според пол и различни возрасни групи, заклучокот е дека е евидентно стареење на населението во општината.

По споредбената анализа со пописот на население од 2002 година, бројот на вкупното резидентно население во општината од 2002 година до 2021 година се намалил за 2.761 жител, со интенција тенденцијата на намалување да продолжи.

# 3. ОБРАЗОВАНИЕ

Во Општина Крива Паланка има две основни училишта , ООУ „Јоаким Крчовски“ со 8 подрачни училишта распоредени во следниве населени места: с. Дурачка Река, с. Луке, с. Огут, с. Нерав, с. Подржи Коњ, с. Дубровница, с. Узем и с. Жидилово и ООУ „Илинден“ со 3 подрачни училишта распоредени во следниве населени места: Конопница и Мождивњак 1 и Мождивњак 2. Има и едно средно училиште, кое нуди гимназиско образование (општа и природно-математичка гимназија) и стручно образование (машинска, угостителско-туристичка, електротехничка струка и медицинска - медицински техничари). Од предучилишното образование, постои една детска градинка (ОЈУДГ „Детелинка“) формирана во осумдесеттите години, која располага со три објекти во Општина Крива Паланка и еден објект во Општина Ранковце. Во градинката се згрижени 319 деца, од кои 147 женски и 172 машки, распоредени во 16 групи од кои во 3 групи во полудневен престој, 13 групи во целодневен престој. Од вкупно 16 групи, 10 групи градинка, 1 комбинирана група, 2 групи јасли и три групи полудневен престој. Проектираниот капацитет на градинката е 340 деца.

Меѓу горенаведените образовни институции, Општина Крива Паланка располага и со Домот за ученици „Боро Менков“.

# 4. ЕКОНОМИЈА

Во Крива Паланка најголем дел од претпријатијата се микро и мали претпријатија.

| Табела 13 - Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев. 2, по општини, по години, состојба 31 декември | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
| 548 | 396 | 151 | 1 | |

Извор: Макстат база, Државен завод за статистика.



Според податоците е евидентно дека повеќето деловни субјекти во општината управувани од мажи се два и пол пати повеќе од тие управувани од жени.

| Табела 14 - Економски субјекти управувани од жени и мажи | | | |
|---|---|---|---|
| Број економски субјекти | Управители | Мажи | Жени |
| 548 | 548 | 392 | 156 |

Извор: Централен регистар на Република Северна Македонија.

Поголем дел од економските субјекти со подружница во Крива Паланка (157) се од самата општина, наспрема оние што се подружница на компанија со седиште во друга општина (116).

Од активните деловни субјекти во општината (548), најголем дел се во секторот трговија на големо и мало.

Табела 15 - Преглед на економски субјекти според област и пол

| Област | Број економски субјекти | Управители | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|
| 1. Земјоделство, шумарство и рибарство | 23 | 23 | 21 | 2 |
| 2. Рударство и вадење камен | 3 | 3 | 3 | 0 |
| 3. Преработувачка индустрија | 79 | 79 | 64 | 15 |
| 4. Поправка и инсталирање машини и опрема | 3 | 3 | 2 | 1 |
| 5. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1 | 1 | 1 | 0 |
| 6. Градежништво | 42 | 42 | 42 | 0 |
| 7. Трговија на големо и трговија на мало | 243 | 243 | 159 | 84 |
| 8. Транспорт и складирање | 35 | 35 | 35 | 0 |
| 9. Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 36 | 36 | 26 | 10 |
| 10. Информации и комуникации | 3 | 3 | 3 | 0 |
| 11. Финансиски дејности и дејности на осигурување | 5 | 5 | 5 | 0 |
| 12. Стручни, научни и технички дејности/ правни и сметководствени дејности | 32 | 32 | 19 | 13 |
| 13. Стручни, научни и технички дејности/ ветеринарни дејности | 1 | 1 | 1 | 0 |
| 14. Административни и помошни услужни дејности | 2 | 2 | 2 | 0 |
| 15. Уметност, забава и рекреација | 7 | 7 | 2 | 5 |
| 16. Други услужни дејности | 38 | 38 | 12 | 26 |

Извор: Централен регистар на Република Северна Македонија.

# 5. ПРЕГЛЕД НА СОПСТВЕНИЦИ НА ИМОТ СПОРЕД ПОЛ

Табела 16 - Преглед на сопственици на имот според пол

| Мажи сопственици | Жени сопственици | Вкупен број (мажи и жени) | Процент мажи | Процент жени |
|---|---|---|---|---|
| 36.407 | 12.877 | 49.284 | 73,87 | 26,13 |

Извор: Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, 2019.

Според податоците е евидентно дека процентот на сопственици на имот во сопственост на мажите е трипати повеќе од имотот каде што сопственици се жени. Овој податок укажува на нееднаквата економска моќ на мажите во однос на жените.



# 6. КУЛТУРА

Институции од културата во Општина Крива Паланка се:

- НУ Центар за култура – вработени вкупно 17 (11 мажи и 6 жени),
- ЛУ Градски музеј – вработени вкупно 4 (2 мажи и 2 жени).

## 6.1 Културно-историско градителско наследство

### 6.1.1 Сакрално наследство

Во Општина Крива Паланка се наоѓаат голем број споменици од културно, историско градителско сакрално наследство: цркви и манастири изградени во периодот од XI до XIX век.

- **Црква Св. Димитрие** – Крива Паланка. Изградена е во 1833 година и по својата архитектонска концепција претставува трикорабна базилика со отворен трем на запад и северозапад и

ниска полукружна апсида на исток. Она што е особено карактеристично за овој храм е внатрешната организација на просторот. Евидентирани се приближно 104 икони.

- Манастирот Св. Јоаким Осоговски – црква Св. Јоаким. Од житието на овој пустиножител дознаваме дека свештеникот Теодор од Овче Поле, со монашко име Теофан, го основал манастирот за време на владеењето на византискиот цар Манојло Комнен (1143 – 1180). Тој во црквата ги погребал моштите од Јоаким Осоговски.
- Црквата Рожденство на Св. Богородица. Се претпоставува дека била градена кон крајот на XI век, а обновена во Милутиновото време. Иконите на малиот иконостас се дела на зографи од тајфата на Аврам Дичов. Од најстариот живопис се зачувани само фрагменти од орнаментика на северниот ѕид во олтарскиот простор.
- Црква Св. Никола – с. Трново. Црквата им припаѓа на манастирските цркви, изградени во периодот на турската доминација на Балканот. Меѓу насликаните светители на долната зона се издвојува и ликот на Св. Јоаким Осоговски. Евидентирани се 7 икони.
- Црква Св. Никола – с. Градец. Црквата претставува релативно голема еднокорабна градба изградена во XIX век (1862 година), со отворен трем на западната и делумно на јужната страна. Според записот на иконата на Св. Ѓорѓи, иконите на иконостасот, по сè изгледа, се работени во 1869 година од Евгениј Кузмановиќ од Дебар. Евидентирани се 51 икона.
- Испосница Св. Јоаким Осоговски – с. Градец. Село Градец лежи на десната страна по течението на Крива Река, на оддалеченост од 6 км, со изграден пат, западно од Крива Паланка. С. Градец е поврзано со делото на преподобниот отец и пустиножител Св. Јоаким Осоговски, кој живеел и духовно се воздигнал тука кон крајот на XI век.
- Црква Св. Теодор Тирон – с. Конопница. Оваа црква по својот архитектонски облик претставува солидно изграден триконхос од делкан (цепен) камен. Изградена е во 1885 година. Покриена е со ќерамиди. Евидентирани се 47 икони.
- Црква Св. Никола – с. Длабочица. Оваа црква е нова градба. Изградена е на еднокорабна основа во 1928 година. Црквата не поседува споменички вредности.
- Црква Св. Никола – с. Дубровница. Оваа црква не поседува вредности и е градена на еднокорабна основа, во поново време, во првата половина на 20 век.
- Црква Св. Илија – с. Луке. Според натписот што е врежан на јужната фасада, оваа црква е изградена во 1936 година. Во внатрешноста нема живопис, освен иконостас. Евидентирана е една икона.
- Црква Св. Троица – с. Мождивњак. Црквата е нова градба (XX век) со еднокорабна основа, без апсида, со отворен трем на западната и на јужната страна.

### 6.1.2 Заштитени споменици на културата

- **Кривопаланечка тврдина** – воено утврдување изградено во времето на турскиот везир Бајрам-паша во 1633 година, коешто претставува и почеток на постоење на Крива Паланка како урбано место. Тврдината била изградена пред сè за заштита на карваните и патниците што поминувале по значајниот пат по долината на Крива Река.
- **Спомен костурница** – Во костурницата се наоѓаат земните останки на српските војници загинати во Првата балканска војна, од битките што се одвивале на територијата на Крива Паланка и кривопаланечката околија.
- **Споменик на паднатите борци од НОБ** – споменик на паднатите борци од Народноослободителната борба, подигнат во спомен на жртвите што ги дала Крива Паланка и Кривопаланечко, во борбите за ослободување на Македонија.
- **Спомен обележје – Чупино Брдо** – спомен-обележје изградено како споменик на двете значајни битки за ослободување, кои ги воделе кривопаланечките партизански одреди во овој реон потпомогнати од Третата македонска бригада.
- **Споменик од НОБ** – Крклља – спомен-обележје изградено како сведок и потсетник за паднатите борци, од првата битка на тогаш новоформираниот Кривопаланечки партизански одред во 1944 г.



## 6.2 Културни и спортско-рекреативни настани и манифестации

### I. РОК-ФЕСТИВАЛ „ЏОЈ ФЕСТ“

Фестивалот традиционално се одржува во последната недела од август. Главен покровител на манифестацијата е Општина Крива Паланка. На фестивалот настапуваат реномирани уметници од земјата и од странство, а привлекува внимание и пошироко во регионот.

### II. МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

Фестивалот се одржува на **25, 26 и 27 август**. По повод свеченостите околу патрониот празник на манастирот Св. Јоаким Осоговски како и градското дводневно празнување на својот светец и заштитник, од 2003 година Општина Крива Паланка е организатор на Меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Јоаким Осоговски“.

## III. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

Ликовната колонија „Св. Јоаким Осоговски" се одржува традиционално во манастирот Св. Јоаким Осоговски во организација на одборот на колонијата и МПЦ. Традиционалната Ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски" **се одржува секоја година во периодот од 5 – 20 септември** и има голем опус на вредни уметнички дела.

## IV. МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ"

Со Меѓународниот фестивал „Св. Јоаким Осоговски" е востановена кривопаланечката театарска сцена. Се одржува традиционално од 2009 година наваму, во периодот **од 15 – 21 септември.**

## V. 8 ОКТОМВРИ – ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КРИВА ПАЛАНКА

По повод 8 Октомври, денот на ослободувањето на градот Крива Паланка од фашистичките окупатори, Општина Крива Паланка, од 1945 година наваму, секоја година по ред го празнува 8 Октомври со пригодни свечености и богата културно-уметничка програма.



## VI. МЕЃУГРАНИЧНА СРЕДБА ГОЛЕШ

На Петровден, на македонско-српската граница се одржува погранична средба во организација на локалните самоуправи на општините Крива Паланка (Република Северна Македонија), Ќустендил (Република Бугарија) и Босилеград (Република Србија).

## VII. СОБОР ВО МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС ПО ПОВОД ЧЕСТВУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА ПАТРОНОТ НА ГРАДОТ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ"

Секоја година на **28 и 29 август** се чествува денот на патронот на градот Св. Јоаким Осоговски. Тоа е голем народен собор и верска манифестација посетена од голем број луѓе, црковни свештеници, како и од поглаварот на МПЦ.

## VIII. НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН

Традиционален обичај во кој невестите што склучиле брак помеѓу две Тодорови саботи, заедно со своите свекрви, облечени во народни носии се поклонуваат на патронот на црквата во с. Конопница, Св. Теодор Тирон, кој според верувањата кај народот е заштитник на младите невести, породот, реколтата и добитокот. Времето на одржување на обредот е за велигденскиот пост.

## IX. НОВОГОДИШЕН БАЗАР

Традиционална културно-забавна манифестација за првпат востановена во 2021/2022 година. Се одржува во периодот на втората половина на декември во тековната година, до крајот на јануари во новата година. Во рамките на истата манифестација се одржува и **ПИФТИЈАДА** на 19 јануари на големиот христијански празник **БОГОЈАВЛЕНИЕ – ВОДИЦИ.**

## X. ЏИП РЕЛИ – OFF-ROAD

Џип рели – Off-road се одржува традиционално секоја година. Релито има ревијален карактер и се одржува под мотото „Да ги запознаеме убавините на Осоговските Планини", во должина од 64 км, а во иднина се планира оваа спортска манифестација да биде со натпреварувачки карактер.

## XI. ТРОМЕЃА

Меѓународна планинарска традиционална средба на тромеѓата на граничната линија помеѓу Република Северна Македонија, Република Србија и Република Бугарија, на граничниот камен – 106, во атарот на с. М. Црцорија. Средбата е во организација на Планинарските друштва од трите општини, Крива Паланка, Врање и Ќустендил, а се одржува во најблиската сабота до Петровден.

## XII. ТРАНСВЕРЗАЛА ЦАРЕВ ВРВ – ПСД РУЕН

Традиционално секоја година, во последниот викенд на јуни, се организира трансверзалата Царев Врв, или искачувањето на Царев Врв (2.085 м).

## XIII. 4М – МЕЃУНАРОДНА ПЛАНИНАРСКА ТРАНСВЕРЗАЛА

Трансверзалата Св. Гаврил Лесновски – Св. Јоаким Осоговски (www. planinarenje.org) е востановена по идеја на планинарскиот водач С. Величковски и традиционално се организира секоја година. Трансверзалата 4М е дел од меѓународното поврзување со планинарски (трекинг) патеки, според легендата од XI век, за четворицата духовни браќа, пустиножителите Св. Јоаким, Св. Јован, Св. Прохор и Св. Гаврил. Патеката започнува од манастирот Лесново (Пробиштип), а завршува во Осоговскиот манастир (Кр. Паланка).

## XIV. РУЕН

Традиционално меѓународно искачување на највисокиот врв на Осоговските Планини – Руен (2.252 м), во организација на ПСК РУЕН – Крива Паланка и Туристичко друштво Осогово Ќустендил. Искачувањето се организира во јуни.

# 7. ИНФРАСТРУКТУРА

## 7.1 Информации за урбанистички развој на општината

Генерален урбанистички план за Крива Паланка е донесен во првата половина на 2014 година. Планот е донесен за период од десет години односно за период од 2011 до 2021 година. Генералниот урбанистички план зафаќа површина од 615 хектари и целосно ја опфаќа површината на КО Крива Паланка, а покрај оваа површина во опфатот влегуваат и делови на КО Конопница, КО Градец и КО Варовиште. Генералниот урбанистички план е основа за изработка на Деталните урбанистички планови за градот во согласност со урбаните блокови во Генералниот урбанистички план. Во ГУП-от е извршено зонирање на површините во опфатот и е определена намената на земјиштето. Истовремено во ГУП-от е внесена примарната инфраструктура, која се наоѓа во опфатот како што е трасата на железничката пруга, траса на дел од Коридорот 8 од автопатот, траса на гасоводот, траса на високонапонска електрична мрежа, траса на колекторите за водовод и канализација, како и траса за регулација на Крива Река, Дурачка Река и пороите што влегуваат во опфатот на планот. Во ГУП-от покрај другото се додадени општи и посебни услови за просторен развој, параметри за спроведување на планот, плански услови за детално планирање на просторот, стратегиска процена на влијание врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнување и други податоци за планските решенија.



## 7.2 Сообраќајна – патна мрежа

Општина Крива Паланка директно е лоцирана на магистралниот пат А2, кој е дел од Коридорот Е-8. На југозапад општината е поврзана со Куманово (64 км) и со Скопје (98 км), на југ преку превојот Четал се поврзува со Кратово (45 км), на североисток преку граничниот премин Деве Баир со Ќустендил (37 км) во Република Бугарија и на север преку дневниот граничен премин на Краиште (околу 20 км) со Општина Босилеград, Србија.

Преку меѓународниот патен правец М-2 општината е поврзана со аеродромот „Скопје" кој е на оддалеченост од околу 80 км и со Софискиот аеродром на оддалеченост од околу 140 км.

- На територијата на општината во должина од 40 км минува магистралниот пат М-2;
- Регионалната патна мрежа во општината изнесува околу 70 км:
- R 2245 Крива Паланка (врска со А2) Осиче – Огут – граница со Република Србија;
- R 2250 Крива Паланка (врска со А2) Дубровница – Голема Црцорија – Луке – граница со Република Србија;
- 1210 врска со А2 – Тораница – Македонска Каменица (врска со А3);
- Локалната патна мрежа е околу 180 км;
- На 15 километри од градот Крива Паланка се наоѓа граничниот премин Деве Баир на границата со Република Бугарија. На самиот граничен премин се наоѓа современо опремен царински терминал, со инфраструктура што ги обезбедува сите царински и шпедитерски, банкарски и друг вид услуги според потребите на корисниците.



ТАБЕЛА 17 - ПАТНА МРЕЖА – ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ

| Релација | Категоризација на патот | Должина / асфалтен дел |
|---|---|---|
| Крива Паланка – Б’с | Локален пат | 8 км / 7 км асфалт |
| Крива Паланка – Баштево | Локален пат | 16 км / 11,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Борово | Локален пат | 17 км / 14,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Варовиште | Локален пат | 5,7 км / 5,2 км асфалт |
| Крива Паланка – Габар | Регионално-локален пат | 15 км / 13 км асфалт |
| Крива Паланка – Голема Црцорија | Регионален пат | 17 км / 17 км асфалт |
| Крива Паланка – Градец | Локален пат | 7 км / 7 км асфалт |
| Крива Паланка – Длабочица | Регионално-локален пат | 13,5 км / 11,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Дренак | Локален пат | 21 км / 7,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Дрење | Локален пат | 3 км / 2 км асфалт |
| Крива Паланка – Добровница | Регионален пат | 12 км / 12 км асфалт |
| Крива Паланка – Дурачка Река | Локален пат | 7,5 км / 7,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Жидилово | Регионален пат М2 | 8 км / 8 км асфалт |
| Крива Паланка – Киселица | Регионално-локален пат | 5,5 км / 5,5 км асфалт |

| | | |
|---|---|---|
| Крива Паланка – Конопница | Локален пат | 5 км / 5 км асфалт |
| Крива Паланка – Костур | Регионално М2 – локален пат | 13 км / 12 км асфалт |
| Крива Паланка – Кошари | Локален пат | 3 км/2 км асфалт |
| Крива Паланка – Крклја | Регионално М2 – локален пат | 12 км / 10,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Крстов Дол | Регионален пат | 16 км / 16 км асфалт |
| Крива Паланка – Лозаново | Локален пат | 4 км / 4 км асфалт |
| Крива Паланка – Луке | Регионално-локален пат | 20 км / 20 км асфалт |
| Крива Паланка – Мала Црцорија | Регионално-локален пат | 15 км / 12 км асфалт |
| Крива Паланка – Мартиница | Локален пат | 3,5 км |
| Крива Паланка – Метежево | Регионален пат | 21 км / 21 км асфалт |
| Крива Паланка – Мождивњак | Магистрален М2 – локален пат | 12,5 км / 12,5 км асфалт |
| Крива Паланка – Нерав | Регионално-локален пат | 35 км / 35 км асфалт |
| Крива Паланка – Огут | Регионален пат | 25 км / 25 км асфалт |
| Крива Паланка – Осиче | Регионален пат | 8 км / 8 км асфалт |
| Крива Паланка – Подржи Коњ | Регионално-локален пат | 20 км / 20 км асфалт |
| Крива Паланка – Станци | Локален пат | 7 км / 7 км асфалт |
| Крива Паланка – Т'лминци | Регионален М2 – локален пат | 8 км / 7 км асфалт |
| Крива Паланка – Трново | Локален пат | 15 км / 13 км асфалт |
| Крива Паланка – Узем | Регионален М2 – локален пат | 15 км / 13 км асфалт |



## 7.3 Јавен превоз

Во Крива Паланка за јавен превоз на патници се користи патен сообраќај. Автобуската станица со која стопанисува АД „Пролетер", работи и ја врши својата функција во меѓградскиот автобуски превоз. Во Општина Крива Паланка има 4 автотакси превозници односно се издадени 4 лиценци и 44 изводи од лиценци.

# ОРГАНОГРАМ НА ОПШТИНАТА



Општинската администрација на Општина Крива Паланка се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на општината:

**1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

- Одделение за правни и општи работи
- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

**2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура**

- Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина
- Одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура

**3. Одделение за инспекциски надзор**

**4. Одделение за човечки ресурси**

**5. Одделение за внатрешна ревизија**

**6. Територијална противпожарна единица на Општина Крива Паланка**

# 8. СТРАТЕГИСКИ ОБЛАСТИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Во текот на изработката на Стратегијата девет области беа посочени како приоритетни и со остварување на стратегиските цели во рамките на секоја од стратегиските области, ќе води кон остварување на мисијата и визијата на Општина Крива Паланка.

Од анализите на постојните капацитети на општината, по области, произлезе дека слабата или непостоечка инфраструктура е предуслов за развој на сите стратегиски области. Јасна е насоката дека без соодветна инфраструктура нема можност за понатамошен развој. Ова ќе биде соодветно земено предвид од општината при планирањето на конкретните мерки и акции, преточени во акциски планови, како и при планирањето на годишните буџети и повеќегодишни стратегиски планови. Соодветно, секој од чинителите надлежен за соодветна област ќе ја земе предвид потребата од одржување и изградба на нова инфраструктура. Како најголема предност на општината е постоењето капацитети, пред сè, човечкиот капитал и ресурсите (природни, културни итн.). Во анализите како закана произлезе иселувањето на младите, што го загрозува идниот развој на поединечните области (образование, економија, култура), но и на целата општина.



Како најголема можност во секоја од областите произлезе поголемото искористување на расположливите донаторски фондови, што отвора потреба од планирање активности што ќе ги зголемат капацитетите на надлежните за подготовка и имплементација на вакви проекти, но и потребата од поголема соработка помеѓу општествените чинители и здружување на нивните капацитети и знаења. Поголемата соработка исто така е препознаена како добра можност и потреба од секоја од соодветните работни групи.

## 8.1 Стратегиска област – Економски развој

### ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Економскиот развој е издвоен како приоритетна област за интервенција во Општина Крива Паланка, пред сè поради фактот дека е од круцијално значење за иднината на општината. Поради тоа, областа економски развој ги опфаќа сите економски и услужни гранки освен туризмот, кој е издвоен како посебна стратегиска област. Заклучокот произлезен од работилниците беше дека за

одржлив развој во општината е неопходно да се подобрат условите и да се создадат поволни услови за привлекување инвестиции за отпочнување мали и средни бизниси во насока на намалување на невработеноста. Притоа беа истакнати проблеми поврзани со нефункционирањето на локалната економија: недоволно развиена инфраструктура; неискористеност на локалните потенцијали и постојни индустриски капацитети; неискористеност на постојните индустриски зони, голем процент невработеност на населението; недостиг на доволен број квалификувана работна сила, голема миграција итн. Како потенцијални можности се гледаат: искористувањето на обновливите извори на енергија како и поддршката на општината за развој на социјалното претприемништво, особено кај жените.

Резултат од постигнатите стратегиски цели во економијата ќе биде создадени подобри услови за развој на локалната економија, преку соодветно искористување на човечкиот потенцијал и поддршка на малите претпријатија. Ова ќе придонесе Крива Паланка да биде место каде што младите ќе ја гледаат својата иднина.



Како клучни чинители во приоритетната област економски развој се утврдени:

- **Локална власт – ЕЛС Крива Паланка,**
- **Министерство за локална самоуправа,**
- **Биро за рамномерен регионален развој,**
- **Агенција за вработување,**
- **Министерство за економија,**
- **Министерство за финансии,**
- **Бизнис-сектор и потенцијални инвеститори,**
- **Средни училишта,**
- **Бизнис-заедницата,**
- **Центар за развој на Североисточниот плански регион.**

## МЕЃУСЕКТОРСКИ ПРАШАЊА

Економскиот развој во општината ќе влијае и врз остварување на стратегиските цели утврдени во областите образование, туризам и животна средина. Преку реализација на стратегиските цели во оваа област ќе се намали невработеноста, ќе се постигне намалување на ранливоста на постојните ранливи групи граѓани/-ки: земјоделци (посебно земјоделки што главно работат како неплатени семејни работници во земјоделските стопанства), невработени лица, сиромашни семејства (посебно самохрани родители) и невработени приматели на социјална помош. Дел од мерките предвидени во оваа стратегиска област ќе имаат особено влијание и врз туризмот, што дава можност за жените да се вклучат во развојот на локалната економија и да обезбедат егзистенција. Тесно поврзано со оваа стратегиска цел е и образованието, и тоа гледано во функција на бизнисот и потребите за раст на економскиот сектор. Друго интерсекторско прашање е искористеноста на обновливите извори на енергија како економски потенцијал, истовремено значајно и за заштитата на животната средина, а воедно и развој на алтернативниот туризам.



Работните групи што учествуваа во изработката на овој стратегиски план се согласија дека малите и средните претпријатија се темелот на локалната економија и една од можностите за задржување на младите во државата. Стратегиските цели во рамките на оваа приоритетна област ќе ја подобрат благосостојбата и квалитетот на живеење, ќе се отворат нови работни места и ќе имаат позитивен дополнителен ефект и врз другите области. Голем дел од мерките во приоритетната област економски развој зависат од активностите на Владата на СРМ како што се мерките за вработување и самовработување како и од активностите преземени од локалните власти. Неопходна е поголема промоција на овие мерки како и нивна надоградба и доближување до потенцијалните корисници.

### Стратегиска цел 1 – Развој на локалната инфраструктура

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Изработка и ревизија на урбанистичките планови,
- Изработка и ревизија на проекти и техничка документација,
- Изработка на студии и документи,
- Гасификација на Општина Крива Паланка,
- Формирање Општински фонд за развој преку креирање стимулативни општински политики.

## Стратегиска цел 2 – Рурален развој

За да се спроведе оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Подобрување на условите за живот во руралните средини преку изградба на соодветна инфраструктура,
- Поддршка на земјоделците (жени и мажи) за искористување на ЕУ-фондови вклучително и ИПАРД-фондовите,
- Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД-фондовите,
- Промовирање и поддршка за сертифицирано органско производство,
- Развој и поддршка на алтернативниот туризам преку поттикнување на руралниот развој.



## Стратегиска цел 3 – Развој и унапредување на човечките ресурси

За да се спроведе оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Образование во функција на бизнисот (образование кое создава работници што се потребни на бизнисот и на новите трендови),
- Стимулирање и привлекување домашни инвестиции,
- Привлекување нови странски инвестиции, преку давање поволности,
- Воведување нови образовни програми,
- Поддршка на женското претприемништво,
- Поддршка на социјалното претприемништво.

## 8.2 Стратегиска област – Спорт

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Општина Крива Паланка негува спортска традиција и има одлични клубови и поединци во одредени спортови какви што се ракометот, off-road трки итн. Надлежноста на општината во спортот се движи повеќе во рамките на промоција и поттикнување на рекреативните активности, а помалку на професионалниот спорт. Сепак, општината останува посветена на поддршка на спортот, како еден од најголемите промотори и амбасадори на самата општина. Обврските на општината за развој на спортот главно се во создавање инфраструктурни услови за практикување спортски активности, како и промоција на спортот и рекреацијата кај девојчињата и жените. Исто така, општината има можност да поттикне развој на млади спортисти/-ки како и машки и женски спортски тренери преку стипендирање талентирани поединци.



МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Развојот на спортот позитивно влијае врз подобрување на социјалниот живот на граѓаните/-ките и помага во активностите поврзани со борба против штетните навики и зависности, а главно го унапредува и целокупното здравје на населението. Дополнително, развојот на спортот придонесува и во зголемување на работните потенцијали на работоспособното население и во промоција на општината. Спортот исто така има влијание и во заштитата на животната средина преку зголемената свесност од потребата за здрав живот во услови на незагадена средина, сè со цел постигнување подобри спортски резултати. Поголем број млади спортисти е еден од резултатите што Општина Крива Паланка би ги постигнала со реализација на стратегиските цели од областа на спортот.

Како клучни чинители во приоритетната област спорт се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Министерството за образование и наука,**
- **Агенцијата за млади и спорт,**
- **Основните и средни училишта,**
- **Националните спортски федерации,**
- **Спортските клубови,**
- **Граѓанските организации.**

### Стратегиска цел 1 – Развој на спортската инфраструктура

За да се реализира оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Изградба на фитнес центри,
- Изградба на спортски игралишта (приспособени и на специфичните потреби на жените),
- Изградба и унапредување на патеките за off-road рели на Калин Камен,
- Маркирање планинарски патеки,
- Изградба на полетувалиште за параглајдинг,
- Трасирање патеки за планински велосипедизам,
- Изградба и адаптација на планинарски домови.

### Стратегиска цел 2 – Промоција на спортот



За да се реализира оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Рекреативен лов и риболов и нудење можности за јавање коњи (со посебен фокус на едукација младите),
- Поттикнување на планинарење и кампување,
- Комбинирање на ресурсите со извидничкиот сектор и поттикнување интерес од континуиран карактер кои ќе носат приход,
- Промовирање неформалното образование и градење капацитети, преку рекреативни семинари и обуки,
- Стипендирање млади таленти (девојчиња и момчиња) во разни спортски дисциплини,
- Организација и спонзорирање спортски натпревари.

## 8.3 Стратегиска област – Култура

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Крива Паланка е град со можности за развој на културата. Културата е препознаена како област што го зголемува квалитетот на животот, но и како можност за развој на културен туризам и придонес кон одрживиот развој. Со остварување на целите од оваа област, Крива Паланка ќе биде препознаена како место со значаен културен потенцијал.

Како клучни чинители во приоритетната област се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Министерството за култура,**
- **Локалните и националните културни институции,**
- **Основните училишта,**
- **Средните училишта,**
- **Граѓанските организации,**
- **Деловната заедница,**
- **Донатори.**

## МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ



Подобрувањето на културното живеење во Општина Крива Паланка несомнено ќе влијае и врз остварување на стратегиските цели во сите приоритетни области. Развојот на културата е тесно поврзан и со развојот на туризмот како и со подобрување на социјалниот живот и подигнување на квалитетот на живот што е заеднички со стратегиската област млади. Со самиот развој на културата се менува и се подобрува квалитетот и начинот на живеење, се развива културниот туризам што е заедничко со стратегиската област туризам. Освен со туризмот, културниот туризам има допирни точки и со посакуваниот резултат од областа економија – создавање нови работни места, особено за младата популација, со што директно се влијае и врз намалување на миграцијата. Општината и институциите од културата треба да бидат промотори на урбаната култура, во насока на промоција и поттик на младите, не само финансиски туку и со знаење и техничка поддршка.

### Стратегиска цел 1 – Соодветно заштитено културно наследство

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Соодветна конзервација на историските објекти,
- Заштита на културното нематеријално наследство,
- Одржливо финансирање на традиционалните културни манифестации.

## Стратегиска цел 2 – Развој на културната инфраструктура

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Институционален и техничко-технолошки развој на културните установи и оформување нови простории и капацитети од областа на културата.
  - Набавка на аудио и визуелна опрема, неопходна за одржување културни манифестации,
  - Отворање и адаптација на повеќе културни катчиња од типот на „EU house“.

## Стратегиска цел 3 – Промоција на културата

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Инклузија на младите во музички, творечки и уметнички секции, преку формирање програма за континуирано финансирање ментори во културата,
- Стипендирање млади таленти во културата,
- Реорганизација на годишната програма за култура:
  - Организирање кино и театарски претстави за сите генерации,
  - Културата во функција на развој на туризмот,
  - Поддршка на културни манифестации и дејци,
  - Нови и надградба на постојни културни активности што ќе носат промоција на општината и дополнителни приходи за локалната економија,
- Поддршка и промоција на културното творештвото на жените (изложби, претстави, книги итн.),
- Поддршка за женското претприемништво во културата.

## 8.4 Стратегиска област – Туризам

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

На туризмот во Општина Крива Паланка се гледа како на гранка што треба во голема мера да го обезбеди идниот економски развој на општината. Се очекува дека исполнувањето на стратегиските цели ќе ја постави Општина Крива Паланка на туристичката мапа на поширокиот регион и Крива Паланка ќе стане препознатлива и посакувана туристичка дестинација и за посетители од Република Бугарија и Република Србија. Трендот за гастрономски и екотуризам и посетувањето „помалку познати дестинации" што стана доста популарно и се прошири во текот на изминативе години нуди потенцијал за развојот на туризмот во Крива Паланка. Од една страна, Североисточниот регион располага со најмалку капацитети за сместување и следствено најмалку туристи, а од друга страна Општина Крива Паланка има одлични предиспозиции за развој на квалитетен туризам затоа што располага со разновидни форми што претставуваат погодна основа за развој на повеќе видови туристички облици.



Како клучни чинители во приоритетната област се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Министерство за економија – Сектор за туризам и угостителство,**
- **Агенција за промоција и поддршка на туризмот,**
- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за рурален развој,**
- **Туристички комори и здруженија,**
- **Локалните и националните културни институции,**
- **Деловната заедница,**
- **Донатори.**

## МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Развојот на туризмот е тесно поврзан со урбанистичкото планирање и со развојот на инфраструктурата (патишта, планинарски домови и куќи, детски одморалишта и сл.), како и со развој на економијата и претприемништвото што е заеднички со стратегиската област млади. Поради ова, мерките предложени во оваа стратегиска област се испреплетуваат со целите од другите области како економија, култура и спорт. Создавањето предуслови за поголем развој на туризам, како и одржување и надополнување на постојната понуда се клучни за општината и бараат фокусираност и на други значајни чинители.

### Стратегиска цел 1 – Подобрена и изградена нова инфраструктура за развој на туризмот



За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Донесување урбанистичко планска документација за туристичкиот локалитет Калин
- Камен и други природни локалитети идентификувани како погодни за развој на туризмот,
- Подобрување на постојната и изградба на нова патна и друга комунална инфраструктура,
- Изградба на сместувачки капацитети од повисока категорија,
- Изградба на скијачки терени,
- Реконструкција и збогатување на инфраструктурата на Калин Камен,
- Адаптирање и реконструкција на напуштени селски стопанства во функција на развој на руралниот туризам,
- Адаптирање на запуштени планински училишни згради во планинарски домови,
- Изградба на адреналински парк и Зиплајн патека на туристичкиот локалитет Калин Камен,
- Изградба на велосипедски патеки.

## Стратегиска цел 2 – Поддршка и развој на руралниот и алтернативниот туризам

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Создавање услови за развој на одржливи форми на туризам преку:
  - Развој на спортско-рекреативен туризам,
  - Промоција и поттик за развивање локални продукти во областа на туризмот,
  - Промоција и развој на агро-рурален туризам,
  - Развој и унапредување на регионални продукти и регионално вмрежување,
  - Поддршка за развој на локалните занаети,
  - Јакнење на човечките ресурси (особено на жените) за подигнување на свесноста на за туризмот и потенцијалите што ги нуди.
- Промовирање и градење капацитети за алтернативни облици на туризам преку мапирање, анализи и физибилити студии за потенцијалите што ги нудат локалните селски стопанства,
- Комбинирање на земјоделските ресурси со вкусови и производи од нашето поднебје со обуки за нудење ваков вид гастрономски-рурален туризам со акцент на промоција на производи изработени од жени од рурални средини,
- Поттикнување и развој на алтернативен туризам со искористување природни ресурси,
- Развивање и промоција на гастрономски туризам,
- Развој на локалитетот Калин Камен преку збогатување на понудата (опции за „Quad safari“, јавање коњи и планински велосипедизам),
- Промоција на ловен и риболовен туризам,
- Користење на културните манифестации и традиционалните верски манифестации и обичаи од нематеријално културно наследство од општината во функција на развој на туризмот.

## 8.5 Стратегиска област – Е-управување

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Предлагач на родово одговорната стратегија за одржлив развој на општината е градоначалникот, а Советот ја усвојува, додека следењето и оценката зависат од општинската администрација. Токму администрацијата на терен треба да ги спроведе најголем дел од мерките и активностите, да ги подготви и да ги реализира проектите и да го следи нивното спроведување. Исполнувањето на оваа стратегиска цел е тесно поврзана со внатрешните капацитети на администрацијата поврзани со нивната секојдневна работа.

Како клучни чинители во приоритетната област се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Граѓанските организации,**
- **Деловната заедница,**
- **Донатори.**



### МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Реализацијата на стратегиската област за подобрено локално управување е директно поврзано и со сите преостанати стратегиски области, цели и потцели.

### Стратегиска цел 1 – Примена на информатичката технологија за дигитализирана општина

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Воведување информатичка технологија за дигитална општина со високоразвиени е-услуги, еднакво достапни за сите категории субјекти за едноставно и брзо испорачување на потребите на населението:
  - Воведување интегриран пристап за е-услуги,
  - Изградба на е-инфраструктура, достапна до сите и до секое место,
  - Доближување на е-услугите до сите корисници преку различни форми на информација и едукација со посебен фокус на различните групи жени со цел надминување на дигиталниот јаз.

## Стратегиска цел 2 – Зајакнати капацитети на општинската администрација за давање ефективни услуги на граѓаните/-ките

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Воспоставување ефикасна, транспарентна и одговорна ЕЛС, со развиени капацитети на локално управување и квалитетни услуги за заедницата преку:
  - Имплементација за стандарди за квалитетни и ефективни испорачувања на услуги за заедницата,
  - Активност и пристапност на работни места во ЕЛС на квалификуван и квалитетен кадар,
  - Зајакнување на капацитетите на МЗ, НВО, граѓаните и граѓанките и нивно активно учество во креирање локални политики,
  - Вклучување на родово балансиран аспект и маргинализирани групи во организацијата на ЕЛС и во креирањето локални политики,
  - Градење на капацитетите на ЕЛС за интегрирање на родовата еднаквост во сите аспекти на работењето (воведување на родовата еднаквост во стандардите, обуки на интерсекторската група за родово одговорно буџетирање, јакнење на капацитетите на координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите и на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и сл.).
- Градење информирани граѓани и граѓанки што активно се вклучени во носењето одлуки на локално ниво и во креирање локални политики
  - Квалитетно, транспарентно и навремено информирање на јавноста,
  - Обезбедување двонасочна и повеќенасочна комуникација на населението со ЕЛС и другите надлежни органи,
  - Користење различни форми на информирање за обезбедување достапност до информациите до сите субјекти (печатени форми, електронски форми, јавни расправи, трибини, форуми во заедницата, дебати, непосредни средби...),
  - Отвореност на податоците и информациите на ЕЛС.

## 8.6 Стратегиска област – Образование

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Образованието е основа на секој иден развој, вложувањето во образованието секогаш е исплатливо. Како резултат од ова, Општина Крива Паланка со инвестиции во образованието ќе биде општина во која образованието е во функција на општествениот развој и благосостојба.

Како клучни чинители во приоритетната област се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Министерство за образование и наука,**
- **Агенцијата за спорт и млади,**
- **Основните и средните училишта,**
- **Граѓанските организации.**



### МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Подобрувањето на образованието начелно е поврзано со сите стратегиски цели. Во делот на економијата потребно е да се стави образованието во функција на бизнисот, т.е. образованието да продуцира работници што веднаш можат да бидат апсорбирани од бизнисите. Развојот на образованието е од суштинско значење за обезбедување квалификувана работна сила и еден од виталните предуслови за обезбедување цврста основа за економски раст на општината и подобрувањето на благосостојба на граѓаните/-ките. Преку мерките преземени во овој сектор, ќе се остварат и целите во спортот, културата, а образованието има клучна улога и во промовирањето на родовата рамноправност.

### Стратегиска цел 1 – Создавање услови за непречено одвивање на наставата

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Подобрување на условите во образованието преку реконструкција, набавка на современа опрема и дидактички материјали, со цел квалитетно и современо образование од најмалата претшколска возраст до средно образование,

- Подобрување на условите во ОУД „Боро Менков“
  - Градежни зафати; реконструкција на покрив, енергетско ефикасна фасада, вградување соларни панели, решавање на проблемот со затоплување,
  - помош од стручен соработник – дефектолог,
- Внатрешна реконструкција на 3 училишни објекти во ООУ „Јоаким Крчовски“
  - Набавка на инвентар, опрема – дидактички материјали за работа во трите училишни објекти во градот,
  - Изградба на нова фискултурна сала во матичниот објект во ООУ „Јоаким Крчовски“,
- Комплетна обнова на мебел во ОЈУДГ „Детелинка“
  - Целосно реновирање на дворна површина и поставување соодветни реквизити во ОЈУДГ „Детелинка“,
  - Реконструкција и надградба на помошниот објект за стручно образование над спортска сала и реконструкција на покривот,
- Оградување дворно место во СОУ „Ѓорче Петров“,
- Реконструкција на спортско игралиште во ООУ „Илинден“,
- Надминување на стереотипите за наставната работа како женска професија.



## Стратегиска цел 2 – Образованието во функција на пазарот на труд

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Воспоставување блиска соработка помеѓу деловниот сектор и училиштата (посебно за практична настава),
- Стипендирање од општината на ученици/-чки или студенти/-ки од дефицитарни занимања, особено ученички или студентки што покажуваат интерес за информатички и технолошки науки,
- Стипендирање талентирани млади од страна на бизнис-секторот, со најмалку 50 % застапеност на девојки.

## 8.7 Стратегиска област – Млади

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Младите се иднината на секоја општина, затоа е задолжително стимулирањето за нивно директно и индиректно или непосредно вклучување во носењето на локалните политики.

Како клучни чинители во приоритетната област се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Министерство за образование и наука,**
- **Агенцијата за спорт и млади,**
- **Основните и средните училишта,**
- **Граѓанските организации,**
- **Деловниот сектор.**



### МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Реализацијата на стратегиската област за млади е директно поврзано со идниот долгорочен развој и перспективата на општината и оваа област ги засега сите преостанати области.

### Стратегиска цел 1 – Развој на општествено-социјалниот живот на младите

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Развој на општествено-социјалниот живот на младите преку развој на спортот, културата и уметноста
  - Одржување и организирање спортски настани и активности за девојки и момчиња,
  - Поддршка на професионалниот спорт и спортисти преку подобрување на спортските капацитети и поголема достапност на постојните за двата пола,

- Поттикнување на соработка помеѓу училиштата, спортските клубови и невладините организации,
- Искористување на природниот потенцијал за екстремни спортови,
- Поттикнување на спортот кај девојчињата,
- Унапредување на културната понуда и вклучување на девојките и момчињата во културни активности,
- Социјална инклузија на млади од рурални средини.

## Стратегиска цел 2 – Активно вклучување на младите во градењето на локалните политики

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:



- Формирање и активирање локален младински совет,
- Квалитетно образование што вклучува:
  - ИТ-работилници и активности,
  - Политичка едукација и елиминација на политичката нетолеранција,
  - Медиумска писменост.

## Стратегиска цел 3 – Вклучување на младите на пазарот на трудот

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Зголемување на вработеноста на младите преку развој на претприемништвото и стартап компаниите со:
  - Обезбедување обуки за претприемништво.
  - Основање бизнис-инкубатор со помош на домашни и меѓународни фондови.

## 8.8 Стратегиска област –
## Заштита на животната средина и енергетска ефикасност

ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Најголема предност на Крива Паланка е можноста за искористување на обновливите извори на енергија, како можност за заштита на животната средина, но и можност за развој на нови бизниси и намалување на трошоците на граѓаните.

Клучни чинители од оваа област се сметаат:

- **Локалната власт,**
- **Биро за рамномерен и регионален развој,**
- **Министерство за животна средина,**
- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,**
- **Граѓанските организации,**
- **Деловната заедница и потенцијалните инвеститори,**
- **Донатори,**
- **Јавното комунално претпријатие,**
- **Центарот за развој на Североисточниот плански регион.**



МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Реализацијата на стратегиската област за заштита на животната средина и енергетската ефикасност е директно и индиректно поврзано и со сите преостанати стратегиски области и цели.

## Стратегиска цел 1 – Зголемување на свеста кај граѓаните/-ките за значењето на заштитата на животната средина

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Доследна примена на законската регулатива за заштита на животната средина,
- Поголема соработка на Општина Крива Паланка со НВО и бизнис секторот во областа на заштитата на животната средина,
- Одрживо и совесно искористување на природните ресурси
  - Валоризација на природните ресурси,
  - Брендирање, презентирање и развој на природните ресурси,
  - Воспоставување соодветна заштита и соодветен контролен механизам во делот на искористување на природните ресурси,
- Намалување на загадувањето на природните медиуми (воздух, вода, почва),
- Намалување на количината на одложен отпад (селекција и рециклирање),
- Обуки, работилници и иницијативи за влијанието на климатските промени врз локалната заедница и посебни групи чинители (млади, жени итн.).



## Стратегиска цел 2 – Изградба на соодветна инфраструктура за заштита на животната средина

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Подигање нови урбани зелени површини,
- Спроведување акции за пошумување,
- Изградба на фекална канализација и колекторски систем
  - Изработка и донесување на урбанистичко планска документација според потребите за одрживо искористување,
  - Изградба на соодветна комунална инфраструктура во согласност со донесената урбанистичко-планска документација,
- Изградба на регионална депонија,
- Изградба на пречистителна станица за градот, селата и за рудникот Тораница.

### Стратегиска цел 3 – Поголема искористеност на обновливите извори на енергија

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Гасификација на општината,
- Поставување сончеви колектори за топла вода на институциите во надлежност на ЕЛС Крива Паланка,
- Субвенционирање сончеви колектори за топла вода за индивидуалните домаќинства.

## 8.9 Стратегиска област – Социјална и здравствена заштита



ПРИЧИНИ И ЧИНИТЕЛИ

Надлежностите на општината во областа на здравствената заштита е мала, но во делот на социјалната заштита е зголемена со новиот Закон за социјална заштита. Прва специфика на општината е демографското стареење како и разликата во квалитетот на живот и достапноста на услугите во различните делови на општината. Вклученоста на сите граѓани на општината и овозможувањето еднакви можности е вредност што општината ја споделува со своите граѓани и соодветно планира мерки за подобрување на состојбата. Овие стратегиски цели ќе резултираат со состојба во која Општина Крива Паланка соодветно ќе се грижи за сите граѓани.

Како клучни чинители од оваа област се утврдени:

- **Локалната власт,**
- **Министерство за труд и социјална политика,**
- **Министерство за здравство,**
- **Министерство за финансии,**
- **Здравствените установи,**
- **Социјалните установи,**
- **Граѓанските организации,**

- **Донатори.**

## МЕЃУСЕКТОРСКО ПРАШАЊЕ

Развојот и подобрувањето на социјалата и здравството во општината ќе влијае и врз остварувањето на стратегиските цели во економијата и во областа млади со оглед на тоа дека како најголеми социјални ризици во Крива Паланка се идентификувани староста, попреченоста, сиромаштијата и деца во судир со законот.

Подобрувањето на услугите во социјалната политика ќе влијае врз подобрување на квалитетот на живеење кај дел од најранливите категории граѓани (од кои голем дел се жени) и ќе овозможи нивни поголем потенцијал како работна сила, која преку образование, преквалификација или доквалификација може да ја зголеми својата конкурентност на пазарот на трудот.



## Стратегиска цел 1 – Зајакнати човечки и инфраструктурни капацитети за подобрена социјална и здравствена заштита

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Доследна примена на Социјалниот план на Општина Крива Паланка,
- Зајакнување на материјалните и човечките ресурси во здравството,
- Вклучување лични, персонални и образовни асистенти.

## Стратегиска цел 2 – Поголема социјална инклузија на лицата во социјален ризик

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Изградба на дом за стари лица,
- Формирање центар за поддршка на стари лица во домашни услови,
- Формирање мобилни тимови за посета во руралните средини,

- Народна кујна со мобилен сервис,
- Поддршка за воспоставување и функционирање сервиси за заштита и поддршка на жртви на семејно и родово базирано насилство,
- Формирање дневни центри за лица со попреченост.

## Стратегиска цел 3 – Поголема превенција за намалување на лицата во социјален ризик

За да се оствари оваа стратегиска цел, потребно е да се спроведат следниве акции:

- Вклучување на корисниците на социјална помош во општокорисна работа,
- Зголемена свест на граѓаните за инклузија на лицата во социјален ризик.



## Стратегиска цел 4 – Унапредување на севкупната состојба со човековите права и унапредување на родовата еднаквост

- Континуирано информирање и едукација за правата и родовата еднаквост,
- Редовно собирање родово-разделени податоци.

# ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Спроведувањето на Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка се предвидува за период од 2022 – 2027 година, односно динамиката на спроведувањето ќе биде на годишно ниво во овој период. Динамиката ќе биде во согласност со Годишните оперативни програми и акциски планови, кои ќе се изработуваат и кои ќе ги содржат конкретните активности што произлегуваат од стратегиските цели и акции на овој стратегиски план. Во продолжение на овој документ е даден Акцискиот план за реализација на Стратегијата. Годишните акциски планови ќе биде лесно да се извлечат од него и да се дополнат со одредена временска динамика, елементи на потенцијални партнерства, како и предвидени средства и извори на финансирање, дефинирани во буџетот на секој акциски план. Годишните оперативни програми и акциски планови ќе ги усвојува Советот на општината.



# УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Предлагач на Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка е градоначалникот, кој ја предлага во предлог-верзија до Советот на Општина Крива Паланка. Носител на следењето и координацијата на активностите од оваа стратегија, како и носители на имплементација на активностите што ќе произлезат од неа, ќе бидат градоначалникот со раководителите на сектори и одделенија и на ЈКП „Комуналец". Истовремено и граѓанскиот сектор ќе има улога во следењето на работата на општината и остварување на акциските планови.

Овој документ со стратегиско значење дава можности за инволвирање многубројни субјекти, кои ќе ги спроведуваат активностите во партнерства или поединечно (локални невладини организации, локални претставници од бизнис-секторот, подрачните единици на министерствата, месни заедници и други субјекти што имаат надлежности во сите сфери што се од интерес за развојот). Ваквиот тип активности ќе биде координиран од општинската администрација, со цел запазување на активностите што нема да се поклопуваат.

## СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Општинската администрација (Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија) во соработка со другите општински служби ќе бидат одговорни за следење и евалуација на имплементацијата на Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка. Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе изготвува годишни извештаи за постигнатите резултати во имплементацијата на активностите од Стратегијата и ќе ги доставува до градоначалникот. Извештаите ќе ги разгледува стручен колегиум во секој втор квартал (мај – јуни) во годината за достигнувањата во претходната.



## ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

За спроведување на активностите од овој стратегиски документ, потребно е предвидување финансиска и техничка поддршка од буџетот на општината, од буџетите на институциите инволвирани и надлежни за оваа област, но и од надворешно финансирање и донации посебно предвидени со користење на претпристапните фондови на ЕУ за РСМ или некои билатерални договори. Изворите на финансии предвидени за имплементација на стратегискиот план, општината ќе ги обезбедува преку средства предвидени со буџетот на општината, трансфери од Владата, проекти од други национални установи и организации, кредити и преку донаторски средства (домашни и меѓународни) и сл.

Финансирањето и спроведувањето на стратегискиот план ќе се разгледува еднаш годишно и ќе се прави преглед на започнати или реализирани остварувања, како и тековна проверка на степенот на реализација на годишните акциски планови за годишно планирање на финансирање на Стратегијата.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Тргнувајќи од сегашната состојба и објективно анализираните потенцијали што Општина Крива Паланка ги поседува, може да се заклучи дека потенцијалот со кој општината располага во поглед на локалниот економски развој е далеку од искористен.

Општина Крива Паланка располага со голем број предности, благодарение на кои може да се позиционира како препознатлива, посакувана и просперитетна дестинација во регионот, па и пошироко, но само доколку кон дефинираните области се пристапи стратегиски, со етапна реализација на поставените цели и земајќи ги предвид потребите и капацитетите на жените и мажите и сите чинители во заедницата, вклучително и најранливите категории. Во оваа стратегија се инкорпорирани и целите поставени во Акцискиот план за родова рамноправност 2021 – 2023 на Општина Крива Паланка.

# АКЦИСКИ ПЛАН

| ОБЛАСТ 1: ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1.1 – РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА | | | | |
| Мерка/активност | Индикатор/показател | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/институција |
| Изработка и ревизија на урбанистичките планови | ▪ Најмалку 7 урбанистички планови изработени и вклучени потреби на жените и мажите во нив;<br>▪ Најмалку 7 урбанистички планови ревидирани и вклучени потреби на жените и мажите во нив; | 9.150.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура.<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Претседател/ка на Советот на Општина Крива Паланка |
| Изработка и ревизија на проекти и техничка документација | ▪ Најмалку 50 проекти изработени (со сета потребна документација) со вклучена анализа на родовото влијание на решенијата/проектите и мапирање на ранливите категории. | 9.150.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Претседател/ка на Советот на Општина Крива Паланка |
| Изработка на студии и документи за развој | ▪ Најмалку 5 студии изработени со вклучени потреби на жените и мажите. | 3.050.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Гасификација на Општина Крива Паланка | ▪ Прва фаза или 50 % изградба на примарна и секундарна гасификациска мрежа за градот – од 13 до 15 км со вклучена анализа за родовото влијание на проектот. | 24.400.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Претседател/ка на Советот на Општина Крива Паланка<br>• ЈП Калин Камен |
| Формирање Општински фонд за развој преку креирање стимулативни општински политики | ▪ Формиран 1 општински фонд за развој. | 6.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Претседател/ка на Советот на Општина Крива Паланка |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1.2 – РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | | | | |
| Подобрување на условите за живот во руралните средини преку изградба на соодветна социоекономска и комунална инфраструктура | ▪ Изградени или реконструирани најмалку:<br>▪ км водовод,<br>▪ 20 км пат,<br>▪ 4 км канализација<br>и др. инфраструктурни решенија / регулација на водотеци, речно корито и др. (со вклучена анализа на родовото влијание на решенијата/проектите и мапирање на ранливите категории и нивниот пристап до квалитетна инфраструктура) | 305.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура |
| Поддршка на земјоделците (жени и мажи) за искористување на ЕУ-фондови | ▪ најмалку 100 земјоделци обучени за пристап до ЕУ фондови (број на зајакнати лица разделени по пол (ж/м) и возраст) | 800.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД-фондовите | ▪ Најмалку 50 земјоделки информирани.<br>▪ Најмалку еден информативен настан организиран годишно.<br>▪ Најмалку 3 жени регистрирани со статусот земјоделец годишно. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Промовирање и поддршка за сертифицирано органско производство | ▪ Најмалку 10 лица (жени и мажи) поддржани за органско производство.<br>▪ Најмалку 1 информативен настан за органско производство организирани годишно.<br>▪ Најмалку 5 лица сертифицирани за органско производство од кои 50% жени. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Развој и поддршка на алтернативниот туризам преку поттикнување на руралниот развој | ▪ Најмалку 250 лица информирани за предностите на алтернативен туризам од кои 50 % жени.<br>▪ Најмалку еден информативен настан организиран годишно.<br>▪ Најмалку 5 лица поддржани за алтернативен туризам годишно од кои 50 % жени. | 1.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1.3 - РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ** | | | | |
| Образование во функција на бизнисот (образование кое создава работници што се потребни на бизнисот и на новите трендови) | ▪ 15 заеднички образовни иницијативи меѓу средното стручно училиште и деловниот сектор. | 400.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |
| Стимулирање и привлекување домашни инвестиции | ▪ Воспоставени минимум 3 мерки за привлекување домашни инвестиции.<br>▪ 5 домашни инвестиции (од кои барем 20 % се водени од жени). | 2.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка.<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |
| Привлекување нови странски и инвестиции, преку давање поволности | ▪ Воспоставени минимум 1 мерка за привлекување странски инвестиции.<br>▪ 2 инвестиции (од кои барем 20 % се водени од жени). | 3.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Воведување нови образовни програми во средношколскиот училиштен центар во општината | ▪ Воспоставена соработка со деловниот сектор и воведени најмалку 2 нови програми. | 200.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Поддршка на женското претприемништво | ▪ Креирана база на податоци за претприемничката активност во општината со разделени податоци по пол.<br>▪ Воведена најмалку 1 мерка за поддршка на женското претприемништво.<br>▪ Најмалку 3 нови бизниси основани од жени годишно. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Поддршка на социјалното претприемништво | ▪ Воведена најмалку 1 мерка за поддршка на социјалното претприемништво.<br>▪ Најмалку 5 нови социјални претпријатија основани (податоци разделени по пол). | 1.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на Општина Крива Паланка<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |

| ОБЛАСТ 2: СПОРТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2.1 – РАЗВОЈ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРАТА** | | | | |
| Изградба на фитнес центри на отворено | ▪ Изградени 4 фитнес центри според потребите на жените и мажите во општината. | 3.500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија.<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура |
| Изградба на спортски игралишта (приспособени и на специфичните потреби на жените и лицата со посебни потреби, младите и децата) | ▪ Изградени 6 спортски игралишта (со анализа на родовото влијание на решенијата и вклучување на потребите на ранливите категории). | 10.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура |
| Изградба и унапредување на патеките за off-road рели на Калин Камен | ▪ Проектирање и изградба на 1 патека од 64 км (Крива Паланка, Мождивњак, Острец, брана Злетовица, Бела Вода, Царев Врв, Калин Камен, манастир Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка). | 10.000.000,00 | 2023-2025 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура |
| Маркирање и обновување на маркација на планинарски патеки | ▪ Маркирани минимум 5 планинарски патеки, | 600.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура<br>• Планинарски здруженија |
| Изградба на полетувалиште за параглајдинг | ▪ Проектирање и изградба на 1 полетувалиште за параглајдинг со сите придружни елементи. | 5.000.000,00 | 2023-2026 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трасирање патеки за планински велосипедизам | ▪ Трасирани 2 патеки за планински велосипедизам (околу 100 км). | 5.000.000,00 | 2023-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура |
| Изградба и адаптација на планинарски домови преку градење јавно приватни партнерства | ▪ Изградени 2 планинарски дома (реконструкција на два постојни објекти). | 6.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Раководител на одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување комунална инфраструктура<br>• Планинарски здруженија |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2.2 – ПРОМОЦИЈА НА СПОРТОТ** | | | | |
| Рекреативен лов и риболов и нудење можности за јавање коњи (со посебен фокус на едукација на младите) | ▪ Организирани 5 едукативни сесии за млади за рекреативен лов и риболов годишно.<br>▪ Воведена 1 мерка за поддршка на воспоставување обука за јавање коњи. | 300.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Поттикнување на планинарење и кампување | ▪ Организирани 5 настани за промоција на планинарењето и кампувањето. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија<br>• Спортски/планинарски здруженија |
| Комбинирање на ресурсите со извидничкиот сектор и поттикнување интерес од континуиран карактер, кои ќе носат приход (ресурсни кампови) | ▪ Воспоставени 5 иницијативи во соработка со извидничкиот сектор. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Промовирање на неформалното образование и градење капацитети, преку рекреативни семинари и обуки | ▪ Организирани 2 семинари годишно.<br>▪ Обучени 100 млади (разделени по пол и возраст) на различни теми. | 600.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Стипендирање млади таленти (девојчиња и момчиња) во разни спортски дисциплини | ▪ Воспоставени 2 стипендии за момчиња и девојчиња. | 400.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организација и спонзорирање спортски натпревари | ▪ Организирани 3 општински спортски настани годишно. | 1.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| **ОБЛАСТ 3: КУЛТУРА** | | | | |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3.1 – СООДВЕТНО ЗАШТИТЕНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО** | | | | |
| Соодветна конзервација на историските објекти | ▪ Конзервирани 2 историски објекти. | 4.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Зачувување на културното нематеријално наследство | ▪ Организирани најмалку 2 настани за промоција на културното нематеријално наследство годишно.<br>▪ Изготвени 10 промотивни материјали за културното нематеријално наследство (книги, веб-сајтови, документарни филмови и сл.).<br>▪ Обезбедена редовна годишна поддршка за играорни друштва. | 5.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Одрживо финансирање традиционални културни манифестации и нивен континуиран раст и развој | ▪ Воспоставена одржлива финансиска рамка за 10 културни манифестации на годишно ниво. | 30.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3.2 - РАЗВОЈ НА КУЛТУРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| Институционален и техничко-технолошки развој на културните установи и оформување нови простории и капацитети од областа на културата<br>▪ Набавка на аудио и визуелна опрема, неопходна за одржување културни манифестации.<br>▪ Отворање и адаптација на повеќе културни катчиња од типот на „EU house“. | ▪ Обучени 10 културни работници (разделени по пол и возраст) на различни теми.<br>▪ Комплет техничко опремени 2 простории (аудио и визуелна опрема).<br>▪ Отворено 1 културно катче на територијата на општината – с. Конопница. | 10.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |

| СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3.3 – ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Инклузија на младите во музички, творечки и уметнички секции, преку формирање програма за континуирано финансирање на ментори во културата | ▪ Воспоставена Програма за ментори во културата.<br>▪ Менторирани најмалку 100 младинци (девојчиња и момчиња) за културни активности. | 300.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Стипендирање млади таленти во културата | ▪ Воспоставена годишна стипендија за млади таленти (девојчиња и момчиња) за постигнат успех во културата. | 400.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |
| Организирање кино и театарски претстави за сите генерации | ▪ Редовно изготвена годишна Програма за културни настани (со вклучена разнородна програма). | 1.500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |
| Ставање на културата во функција на развој на туризмот | ▪ Развиени 4 туристички пакети поврзани со културни манифестации. | 1.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Поддршка на културни манифестации и дејци | ▪ Најмалку 10 манифестации / дејци поддржани од општината. | 3.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Нови и надградба на постојни културни активности што ќе носат промоција на општината и дополнителни приходи за локалната економија | ▪ Најмалку 4 културни активности развиени. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка и промоција на културното творештвото на жените (изложби, претстави, книги итн.) | ▪ Обезбедена 50 % застапеност на авторки/поетеси/режисерки итн. на културни настани организирани од општината. | 500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |
| Поддршка за женското претприемништво во културата | ▪ Обучени 20 жени/културни работнички за претприемништво во културата.<br>▪ Обезбедени минимум 5 грантови за жени претприемачки во културата. | 1.500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија. |
| **ОБЛАСТ 4: ТУРИЗАМ** | | | | |
| **СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 4.1 - ПОДОБРЕНА И ИЗГРАДЕНА НОВА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ** | | | | |
| Изградба на сместувачки капацитети од повисока категорија | ▪ 15 усвоени мерки (урбанистичко планска документација) од општината за поддршка на изградба на сместувачки капацитети од повисока категорија. | 6.000.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководител/ка на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| Подобрување на патната инфраструктура | ▪ Изградени 10 километри пат (пристапи, рурални патишта и др.) | 91.500.000,00 | 2022-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководителка на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на скијачки терени според физибилити студијата за Калин Камен | ▪ Изграден 1 скијачки терен (изработка на планска документација и изградба). | 61.000.000,00 | 2023-2027 | • Градоначалник<br>• Секретар на општина<br>• Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања<br>• Раководителка на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br>• Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
